Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации



# ОТСУСТВО НА ПРОЦЕДУРИ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ КАЈ НАБАВКИТЕ КОИШТО СЕ ФИНАНСИРААТ СО ПАРИ ОД РОДИТЕЛИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА

Kingdom of the Netherlands

30 YEARS
DIPLOMATIC RELATIONS
WE SHINE TOGETHER

**ОТСУСТВО НА ПРОЦЕДУРИ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ КАЈ НАБАВКИТЕ КОИШТО СЕ ФИНАНСИРААТ СО ПАРИ ОД РОДИТЕЛИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА**

Електронско издание:
(Отсуство на процедури, транспарентност и отчетност кај набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата)

Издавач:
Центар за граѓански комуникации

Лектура:
Татјана Б. Ефтимоска

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, март 2024 година

ЦИП

Kingdom of the Netherlands

Истражувањето е изготвено во рамките на проектот „Заштита од корупција“, со финансиска помош од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, имплементиран од Центарот за граѓански комуникации, во периодот од 1 ноември 2021 година до 31 октомври 2024 година.



# СОДРЖИНА


4 КЛУЧНИ НАОДИ

5 ПРЕПОРАКИ

6 ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

7 Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Битола

18 Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Кичево

24 Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Куманово

34 Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Неготино

38 Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Струмица

46 Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Тетово

54 Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Чаир

60 Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Штип

69 ПРАВИЛНИЦИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

# КЛУЧНИ НАОДИ

- Доцнењето на Министерството за образование и наука (МОН) да изготви подзаконски акти со кои ќе се регулира начинот на спроведување на набавките во воспитно-образовните институции[1], кои не подлежат на Законот за јавни набавки, им овозможува на училиштата да бидат нетранспарентни и неотчетни за начинот на трошење на парите од родителите. Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 – 2025 година предвидуваше Министерството за образование и наука да ги изготви овие подзаконски акти (правилници) уште во првата половина од 2022 година, со цел да се намалат широките можности за корупција и злоупотреба на службената позиција.

- Истражувањето спроведено во 96 основни и средни училишта во 8 општини во земјава открива дека набавките за осигурување, за униформи за учениците, за фотографирање, за ужина итн. се спроведуваат во постапки за кои нема јасно дефинирани правила кои би овозможиле избор на најповолните понуди и најдобра вредност за потрошените пари. Јавни огласи се објавуваат само за екскурзиите, бидејќи МОН за нив има донесено процедури уште во 2014 година.

- Најголем дел од училиштата не можат да објаснат како е направен изборот на фирмите за чии услуги плаќаат родителите. Дури и кај оние училишта што ги доставија одлуките за избор од страна на советите на родителите не може да се утврди како се прибрани разгледуваните понуди, односно кој одлучил од кои конкретни фирми да се бараат понуди за набавките.

- Раководствата на речиси сите училишта се оградуваат од процесот на спроведувањето на овие набавки со став дека тие не ги собираат парите од родителите, туку дека се врши директно плаќање кон избраните фирми. Оттука, училиштата се поделија во две групи. Првите ги доставија побараните информации за видот на набавките и висината на трошоците за нив, а другата група не сакаа дури ни да ги достават побараните информации целосно оградувајќи се од процесот. Оваа состојба говори за ниската свест да се даде отчет за овие расходи и, секако, целиот процес да биде регулиран со интерен акт, како и да се обезбеди нивна транспарентност и законитост.

- Училиштата, пак, што ги доставија податоците доставија многу различни информации во однос на листата на производи и услуги кои се финансираат со пари од родителите и на нивната вредност. Ова укажува дека некои училишта можеби доставиле само дел од информациите, и покрај тоа што тие беа побарани во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Училиштата не ги користат своите веб-страници за објавување релевантни информации во однос на набавките финансирани со пари од родителите, ниту, пак, за информации со кои правни лица се склучени договорите и како е направен нивниот избор. Најголемиот број од училиштата немаат функционални веб-страници.

- Во Република Северна Македонија има 966 основни и 129 средни училишта, во кои учат околу 254 илјади ученици. Врз основа на добиените податоци, може да се процени дека годишната вредност на овие набавки изнесува најмалку 10 милиони евра. Ова е, секако, огромна сума пари, за коишто не постои системско решение за начинот на нивното трошење за потребите на учениците.

---

1 Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 – 2025 година за период од 1.1.2023 – 31.12.2023

# ПРЕПОРАКИ

» Министерството за образование и наука да ги изготви подзаконските акти со кои ќе се регулира начинот на спроведување на набавките во воспитно-образовните институции кои не подлежат на Законот за јавни набавки. На овој начин ќе се имплементира обврската од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 – 2025 година, каде што е предвидено Министерството за образование и наука да ги изготви овие подзаконски акти (правилници) со цел да се намалат широките можности за корупција и злоупотреба на службената позиција.

» Во очекување на подзаконските акти, училиштата треба да ги спроведуваат набавките што се финансираат со парите од родителите врз основа на начелата на транспарентност, недискриминација и еднаков третман. Ова би значело објавување огласи за набавките и за избор на најповолната понуда врз основа на прецизни и јавно објавени критериуми за избор.

» Општините треба да ги координираат училиштата во насока на воведување унифицирани процедури за спроведување на набавките што се финансираат со парите од родителите врз основа на начелата на транспарентност, недискриминација и еднаков третман.

» Веб-страниците на училиштата треба да бидат функционални и да се користат за поголема транспарентност во работењето на училиштата, вклучувајќи ги и информациите за набавките на производите и услугите за учениците.



# ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето се заснова врз Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 – 2025 година, во која се констатира недостиг од процедури за набавки, кои во воспитно-образовните институции се реализираат надвор од Законот за јавни набавки. Имено, во воспитно-образовните институции се реализираат голем број набавки (екскурзии на ученици, обезбедување на училиштето, фотографирање на ученици и изработка на алманаси, набавка на ужина, осигурување на учениците итн.), чијашто реализација е надвор од одредбите на Законот за јавни набавки. Ваквиот тип набавки обезбедува широки можности за корупција и злоупотреба на службената позиција, а трошоците се на товар на родителите. МОН има донесено Правилник за организирање екскурзии, но недостигаат подзаконски акти и процедури за другите видови набавки од овој тип. Во таа насока, потребно е изготвување подзаконски акти со кои ќе се регулира начинот на спроведување на наведените набавки во воспитно-образовните институции.

Со оглед на донесувањето на Стратегијата уште пред 3 години, целта на ова истражување е да утврди дали има промени во начинот на којшто се реализираат набавките што се финансираат со пари од родителите во склоп на основните и средните училишта во 8 таргетирани општини – Битола, Кичево, Куманово, Неготино, Струмица, Тетово, Чаир и Штип. Утврдувањето на фактичката состојба треба да овозможи и констатирање на клучните слабости во процесот, со цел да се дадат насоки и препораки за нивно надминување.

За обезбедување на потребните податоци, на почетокот од месец октомври 2023 година, до сите основни и средни училишта во таргетираните 8 општини, беа доставени унифицирани барања за пристап до информации од јавен карактер за информации поврзани со набавките во образовните институции финансирани со средства од родителите. Со доставувањето на барањето за пристап до информации од јавен карактер, од мапираните основни и средни училишта беше побарано доставување на следните информации и документи: вкупен број ученици во учебната 2022/2023 година; листа на производи и услуги кое секое училиште одделно ги финансира со финансиски средства собрани од родителите на учениците во учебната 2022/2023 година; вкупна висина на финансиските средства потрошени на ниво на производ/услуга; износ на поединечниот трошок на ниво на ученик одделно за секој производ/услуга; информација за начинот на којшто се спроведуваат набавките и доставување на интерните акти по кои постапуваат, како и информација дали училиштата на своите веб-страници објавуваат информации поврзани со интерните акти за набавките на производите и услугите што се финансираат со пари од родителите на учениците.

Младински Културен Центар – Битола

# Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Битола



# НАОДИ ЗА УЧИЛИШТАТА ОД ОПШТИНА БИТОЛА

- Процедурите за набавка на производи/услуги основните и средните училишта не ги спроведуваат преку сметките на училиштата, туку тие се спроведуваат од страна на Советот на родители кон обезбедувачот на дадената услуга или производ;
- Средствата што се уплаќаат од родителите на учениците најчесто се уплаќаат директно на сметката кај обезбедувачот на услугата или производот;
- Сите основни и средни училишта немаат интерни акти за спроведување на постапките за обезбедување услуги или производи;
- Највисокиот износ што се исплаќа од родителите на учениците е во врска со организирањето екскурзии, особено генерациски екскурзии кои се организираат во средните училишта;
- При спроведување на набавките на услуги или производи, училиштата постапуваат во согласност со Статутот на училиштето, со Деловникот за работа на Советот на родители и со Правилник за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта од МОН;
- Ниту едно од сите 19 основни и средни училишта не објавува интерни акти или информации поврзани со набавките на производи и услуги финансирани од страна на родителите на учениците;
- Најголемиот број од училиштата немаат функционални веб-страници или воопшто немаат веб-страници.

# ОПФАТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Спроведеното истражување во Општина Битола ги опфати сите основни и средни училишта. Во општината има 12 основни училишта и 7 средни училишта.

Врз основа на добиените одговори, вкупниот број ученици запишани во основните и во средните училишта на територија на Општина Битола за учебната 2022/2023 година изнесува 7.541 ученик во основно образование и 4.042 ученици во средно образование, или вкупно 11.583 ученици во сите основни и средни училишта.

Приказ на основни училишта

| ИМЕ НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА |
|---|---|
| ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ | 658 |
| ООУ „Елпида Караманди“ | 711 |
| ОУ „Св. Кирил и Методиј“ | 415 |
| ОУ „Даме Груев“ | 734 |
| ОУ „Коле Канински“ | 810 |
| ОУ „Св. Климент Охридски“ | 1045 |
| ОУ „Трифун Пановски“ | 306 |
| ОУ „Крсте Петков Мисирков“ с. Бистрица | 398 |
| ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани | 182 |
| ОУ „Тодор Ангелевски“ | 915 |
| ОУ „Стив Наумов“ | 837 |
| ООУ „Гоце Делчев“ | 530 |
| | **7541** |

Приказ на средни училишта

| ИМЕ НА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ | БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА |
|---|---|
| СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ | 733 |
| СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ | 804 |
| СОУ „Таки Даскало“ | 733 |
| СОЕУ „Јане Сандански“ | 567 |
| СОЗУ „Кузман Шапкарев“ | 42 |
| ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ | 782 |
| Државно музичко училиште | 381 |
| | **4042** |

# ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ

## НАБАВКИ СО ПАРИ ОД РОДИТЕЛИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Според добиените одговори на доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, едно од вкупно дванаесет основни училишта (**ООУ „Елпида Караманди“**) одговори дека, на ниво на училиштето, не се собираат пари од родителите на учениците.

Што се однесува на услугите и производите кои беа наведени од страна на другите училишта, постои совпаѓање на дел од нив, односно кај 10 од вкупно 12 основни училишта на територија на Општина Битола (без ООУ „Св. Климент Охридски“ и ООУ „Александар Турунџев“ – с. Кукуречани) се собираат средства од родителите на учениците за годишно осигурување на учениците. Понатаму, 7 од 12 училишта собираат пари за фотографирање на ученици или фотографирање на ученици и изработка на алманаси и 3 училишта прават набавки на униформи за учениците. Во однос на организирањето екскурзии за учениците од основно образование, 5 од вкупно 12 училишта се изјаснија дека спроведуваат екскурзии, а 3 од преостанатите 7 основни училишта се изјаснија дека, поради малиот број ученици, не организираат екскурзии за учениците. Истовремено, од едно училиште добиена е информација дека се собираат средства од родителите за обезбедување во училиштето и во едно основно училиште се собираат средства од родителите за посета на на учениците на театарска претстава.

## ПРЕГЛЕД НА УСЛУГИ КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВАЛЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

*организирање екскурзии *набавка на униформи *обезбедување
*Фотографирање (поединечно, групно, полуматуранти, ЦД)
*Осигурување од несреќи *посета на театарска претстава

Од 4 основни училишта, и тоа во **ОУ „Ѓорѓи Сугарев“**, **ОУ „Трифун Пановски“**, **ОУ „Крсте Петков Мисирков“ с. Бистрица** и **ООУ „Гоце Делчев“**, добиена е информација дека во учебната 2022/2023 година, со средства од родителите се обезбедувала само услугата осигурување. Цената кај овие четири училишта, како и кај сите останати кои ја обезбедувале оваа услуга, изнесувала 100 денари по ученик. Конкретно, ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ не даде информација за бројот на деца кои ја користеле оваа услуга, што не е случај кај останатите три училишта, односно во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ с. Бистрица 373 деца ја користеле услугата осигурување и по оваа основа биле собрани вкупно 37.300 денари. Понатаму, во ОУ „Трифун Пановски“ биле собрани 27.300 денари од 273 ученици и во ООУ „Гоце Делчев“ биле собрани 51.100 денари од 511 ученици.

Во основното училиште **Св. „Кирил и Методиј“**, средства од родителите се собирале за осигурување и фотографирање. Цената за осигурување изнесувала 100 денари по ученик и во учебната 2022/2023 година по оваа основа биле собрани 32.000 денари, додека, пак, за фотографирање, цената по ученик била 50 денари и по оваа основа училиштето собрало 22.000 денари.

Понатаму, во основното училиште **„Даме Груев“**, средствата уплатени од родителите биле за обезбедување четири услуги, и тоа осигурување на учениците, фотографирање, набавка на униформи и изведување екскурзии, но од страна на училиштето не се дадени информации за поединечниот и вкупниот износ на овие услуги, односно бевме упатени од нивна страна кај Советот на родители за добивање подетални информации.

Во основното училиште **„Коле Канински“**, со средствата од родителите се обезбедувале 3 услуги, и тоа осигурување, екскурзии и фотографирање. Поединечната цена за осигурување изнесувала 100 денари, за фотографирање (алманах и ЦД за полуматурска прослава – 700 денари по ученик и групна фотографија – 50 денари по ученик, а за екскурзии – 1000 денари по ученик за трето одделение и 3950 денари по ученик за шесто одделение). По сите овие основи вкупно биле собрани 466.850 денари, или за осигурување 75.200 денари, за фотографирање ученици (алманах и ЦД) 67.200 денари, за групно фотографирање 36 200 денари, екскурзии за 3. одделение 71.000 денари и екскурзии за 6. одделение 217.250 денари.

Во основното училиште **Св. „Климент Охридски“**, во учебната 2022/2023 година учеле најголем број на ученици, и тоа 1.045, и училиштето со средствата собрани од родителите обезбедувало 3 услуги (настава во природа за ученици од петто одделение, фотографирање на одделенијата и набавка на униформи). Цената по ученик за настава во природа за ученици од 5. одделение изнесувала 3.420 денари, за (групно) фотографирање изнесувала 50 денари по ученик, за поединечно 40 денари, а за набавка на униформи, поточно на комплет дуксерка и маица со

краток ракав, цената изнесувала помеѓу 1.000 и 1.150 денари, во зависност од големината на производите. Од страна на училиштето не е добиена информација за вкупната вредност на собраните средства, со образложение дека тие не поседуваат такви податоци и за нив да се обратиме до Советот на родители.

Во основното училиште **„Тодор Ангелевски“** се обезбедувале четири видови услуги, и тоа обезбедување, осигурување, организирање екскурзии (за 3., 5., 6. и 9. одделение) и фотографирање ученици (поединечно и групно). Обезбедувањето како услуга е наведена само од страна на ова училиште, и за оваа услуга учениците плаќале поединечен износ од 150 денари, односно од родителите биле собрани средства во вкупен износ од 56.640 денари. Во однос на осигурувањето, цената по ученик изнесувала 100 денари, а оваа услуга била искористена од страна на 735 ученици, или вкупно биле собрани средства во износ од 73.500 денари. Што се однесува на фотографирањето, цената за поединечно фотографирање изнесувала 40 денари, а за групно 50 денари, и од страна на родителите за оваа услуга бил платен вкупен износ од 64.220 денари. Во однос на организирањето екскурзии за 3., 5., 6. и 9. Одделение, од страна на родителите на учениците биле исплатени вкупно 1.223.920 денари, што е и највисокиот паричен износ кај основните училишта којшто е собран за обезбедување некаква услуга или производ.

Основното училиште **„Стив Наумов“** обезбедувало четири услуги, со следните поединечни цени за осигурување – 100 денари по ученик, за фотографирање на полуматурантите – 600 денари по ученик, за групни фотографии – 50 денари по ученик и за набавка на училишни униформи – 1.050 по ученик. По поднесеното Барање за информации од јавен карактер, добиена е информација само за поединечните износи по ученик, со образложение дека на сметката на училиштето не се уплаќаат средства од родители, односно дека родителите директно ги уплаќаат средствата на сметките на обезбедувачите на услугата.

Во основното училиште **„Александар Турунџев“ с. Кукуречани** се обезбедувале само две услуги, и тоа театарска претстава со поединечна цена од 140 денари и фотографирање на полуматурантите од 1000 денари по ученик и фотографирање на останатите ученици од 50 денари. Вкупниот износ на средства којшто е собран од родителите изнесувал 13.160 денари за театарската претстава, 21.000 за фотографирањето полуматуранти и 8.050 за фотографирањето на останатите ученици. По вака добиените информации, произлегува дека кај основните училишта најмал износ на финансиски средства од родителите на учениците се собрани кај ОУ „Трифун Пановски“, и тоа во вкупен износ од 27.300 (кои се собрани по основ на осигурување), а највисок износ на финансиски средства собрани од родителите на децата е кај ОУ „Тодор Ангелевски“, и тоа во вкупен износ од 1.418.420 (57. 000 по основ обезбедување, 73. 300 по основ осигурување, 64. 220 по основ фотографирање и 1. 223.900 по основ екскурзии).

Трошоци со пари од родителите од основните училишта во Општина Битола

| Име на основно училиште | Поединечни услуги и нивната цена по ученик | Вкупна вредност за сите услуги во денари |
|---|---|---|
| ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ | • Осигурување – 100 денари | Училиштето не ја достави побараната информација |
| ОУ „Св. Кирил и Методиј“ | • Осигурување – 100 денари<br>• Фотографирање – 50 денари | 54.000 |
| ОУ „Даме Груев“ | • Осигурување – не е дадена информација<br>• Фотографирање – не е дадена информација<br>• Набавка на униформи – не е дадена информација<br>• Екскурзии – не е дадена информација | Училиштето не ја достави побараната информација |
| ОУ „Коле Канински“ | • Осигурување – 100 денари<br>• Фотографирање за полуматурска – 700 денари<br>• Групна фотографија – 50 денари<br>• Екскурзија за трето одделение – 1.000 денари<br>• Екскурзија за шесто одделение – 3.950 денари | 466.850 |
| ОУ „Св. Климент Охридски“ | • Настава во природа за петто одделение – 3.420 денари<br>• Групно фотографирање – 50 денари<br>• Поединечно фотографирање – 40 денари<br>• Набавка на униформи – од 1000 до 1.150 денари | Училиштето не ја достави побараната информација |
| ОУ „Трифун Пановски“ | • Осигурување – 100 денари | 27.300 |
| ОУ „Крсте Петков Мисирков“ с. Бистрица | • Осигурување – 100 денари | 37.300 |
| ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани | • Фотографирање на полуматурантите – 1000 денари<br>• Театарска претстава – 140 денари_ | 42.210 |
| ОУ „Тодор Ангелевски“ | • Обезбедување – 150 денари<br>• Осигурување – 100 денари<br>• Екскурзија за трето одделение – 1.000 денари<br>• Екскурзија за петто одделение – 4.350 денари<br>• Екскурзија за шесто одделение – 3.950 денари<br>• Екскурзија за деветто одделение – 5.680 денари<br>• Групно фотографирање – 50 денари<br>• Поединечно фотографирање – 40 денари | 1.418.420 |
| ОУ „Стив Наумов“ | • Осигурување – 100 денари<br>• Фотографирање на полуматуранти – 600 денари<br>• Групно фотографирање – 50 денари<br>• Набавка на училишни униформи – 1.050 денари | Училиштето не ја достави побараната информација |
| ОУ „Гоце Делчев“ | • Осигурување – 100 денари | 51.100 |
| ОУ „Елпида Караманди“ | • Не се доставени информации | Тврдат дека немаат набавки финансирани со пари од родителите. |

Како што може да се види од табеларниот приказ, постојат големи разлики во добиените информации, односно во висината на направените расходи. Со право можеме да заклучиме дека прецизна евиденција е доставена само од ОУ „Тодор Ангеловски“.

Ова секако укажува на слаба евиденција на овие трошоци и на ниската свест на училиштата дека се одговорни да даваат отчет за нив. Аргументот дека во процесот се вклучени и самите родители и дека со тоа се задоволени сите обврски не е во духот на наодите наведени во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 – 2025 година.

## НАБАВКИ СО ПАРИ ОД РОДИТЕЛИТЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Ситуацијата кај средните училишта е идентична како кај основните училишта, односно само едно средно училиште, Државно музичко училиште Битола, се изјасни дека не постои листа на производи и услуги кои се финансирале со финансиски средства од родителите на учениците. Останатите шест училишта се изјаснија дека се прават набавки за услуги и производи кои се финансираат со средства од родителите.

Средното училиште **„Кузман Шапкарев“**, од услуги, ја обезбедувало само услугата осигурување и неа ја искористиле 42 ученици, или по овој основ, вкупно биле собрани 4.200 денари.

Имено, 4 средни училишта во учебната 2022/2023 година обезбедувале ист вид на услуги, и тоа осигурување и организирање екскурзија. Конкретно, **СОУ „Јосип Броз Тито“** дадоа информација дека поединечниот износ за услугата осигурување изнесувал 100 денари и оваа услуга ја искористиле 660 ученици, или вкупно биле собрани 66.000 денари, додека, пак, поединечниот износ за организирање генерациска екскурзија изнесувал 23.880 денари, односно биле собрани 3.128 280 денари од 131 ученик. Во средното училиште **„Ѓорѓи Наумов“** немаат увид во вкупните средства што се собрани од страна на родителите за обезбедување на овие услуги, но споделија информација дека поединечниот износ за услугата осигурување изнесувал 100 денари, додека, пак, за организирање екскурзија изнесувал 18. 900 денари по ученик. Понатаму, средното училиште **„Јане Сандански“** сподели дека поединечниот трошок по ученик за услугата осигурување изнесувал 100 денари, а за организирање генерациска екскурзија изнесувал 22.690 денари. Не е добиена информација во поглед на вкупниот износ којшто е собран за двете услуги, со образложение дека родителите ги уплаќале паричните средства директно на сметката на агенцијата за осигурување и на туристичката агенција. Истата ситуација по вид на обезбедени услуги во учебната 2022/2023 година е и кај средното училиште **„Таки Даскало“**. Услугата осигурување ја искористиле 622 ученици и биле собрани вкупно 62.200 денари, а услугата поврзана со организирање екскурзија ја искористиле 69 ученици и по овој основ биле собрани вкупно 1.359.300 денари.

Најголем број услуги кои се обезбедувале со средства собрани од родителите на учениците обезбедувало средното медицинско училиште **„Д-р Јован Калаузи“**. Училиштето, во оваа учебна година, обезбедило 4 услуги, од кои осигурување и организирање екскурзии (како и кај поголемиот дел од останатите средни училишта), а дополнително, покрај овие две услуги, и услуга фотографирање на матурантите, изработка на таблоа (за оваа услуга училиштето како институција немало право и обврска да ја помага или да ја организира) и набавка на униформи. Во однос на организирањето екскурзии од страна на училиштето, биле организирани 3 вида екскурзии, и тоа две еднодневни екскурзии, првата, Битола – Охрид – Битола, по цена од 269 денари, и втората, Битола – Скопје – Битола, по цена од 465 денари, како и една завршна екскурзија за учениците од трета година по цена од 22.850 денари. За организирање на оваа услуга, од родителите на учениците биле собрани вкупно 2.178.807 денари, или вкупно, за обезбедување на сите услуги од страна на родителите на учениците, биле собрани 2.462.807 денари.

## ПРЕГЛЕД НА УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВАЛЕ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

* Набавка на униформи
* Осигурување
* Организирање генерациска екскурзија
* Фотографирање (поединечно, групно, матуранти, таблоа..)

За погоре наведените производи и услуги што се обезбедувале од страна на училиштата, а кои се финансирале со средства од родителите на учениците, добиена е информација дека целиот процес на набавки се спроведувал преку Советот на родители и средствата што се собирале не се уплаќале на сметка на самите училишта или од сметка на училиштата, туку родителите директно ги уплаќале средствата кај обезбедувачот на услугата или производот.

Ситуацијата кај средните училишта е идентична, односно тие се повикуваат на споделување информации кои ги добиваат преку Советот на родители, со оглед на фактот дека преку нив се спроведувале набавките на услугите и производите што се финансирале со средства од родителите на учениците.

Средното училиште **СОЗУ „Кузман Шапкарев“**, од вкупно 7 средни училишта на територија на Општина Битола, има најмал износ на собрани финансиски средства уплатени од страна на родителите, и тоа во вкупен износ од 4 200 денари (средствата се собрани по основ на осигурување). Додека, пак, **СОУ „Јосип Броз Тито“** има највисок износ на финансиски средства собрани од родителите на учениците, и тоа од 3.194.280 денари вкупно (3.128.280 денари за генерациска екскурзија и 66.000 денари за осигурување). Со оглед на фактот дека училиштата обезбедуваат различни услуги/производи, логична е и разликата на собраните средства којашто соодветствува со бројот и видот на услуги и производи што се добиваат од страна на родителите на учениците.

Трошоци со пари од родителите од средните училишта во Општина Битола

| Име на средно училиште | Поединечни услуги/призводи и нивната цена | Вкупна вредност за сите услуги во денари |
|---|---|---|
| СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ | • Осигурување – 100 денари<br>• Генерациска екскурзија – 23 880 | 3.194.280 |
| СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ | • Осигурување – 100 денари<br>• Екскурзија – 18 900 денари | Училиштето не ја достави побараната информација |
| СОУ „Таки Даскало“ | • Осигурување – 100 денари<br>• Екскурзија – 19 700 денари | 1.421.500 |
| СОЕУ „Јане Сандански“ | • Осигурување – 100 денари<br>• Генерациска екскурзија – 22 690 денари | Училиштето не ја достави побараната информација |
| СОЗУ „Кузман Шапкарев“ | • Осигурување – 100 денари | 4.200 |
| ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ | • Осигурување – 100 денари<br>• Еднодневна екскурзија Битола – Охрид – Битола – 269 денари<br>• Еднодневна екскурзија Битола – Скопје – Битола – 465 денари<br>• Завршна екскурзија за учениците од трета година – 22.850 денари<br>• Набавка на униформи<br>- мантил -1050 денари<br>- медицинска униформа -1300 денари<br>- панталони – 650 денари<br>- горен жакет -750 денари | 2.462.807 |
| Државно музичко училиште | • Не се обезбедувани услуги од страна на училиштето со средства собрани од родителите на учениците | Училиштето не ја достави побараната информација |

Паралелно на анализата за вкупните парични средства собрани од родителите на учениците, во рамките на ова истражување направивме и анализа на цената по ученик за услугите и за производите што се набавуваат во рамките на училиштето. Анализата покажа дека кај дел од производите и услугите, постои совпаѓање на поединечните цени, како во основните така и во средните училишта (во основните и во средните училишта цената за осигурување по ученик изнесувала 100 денари). За услугата фотографирање, поточно за индивидуална фотографија, единечната цена изнесувала 40 денари, а за групна фотографија изнесувала 50 денари. Разликата кај фотографирањето се појавува само кај основните училишта, односно во фотографирањето полуматуранти како дополнителна услуга, чијашто цена варира од 600 до 1.000 денари. Понатаму, набавка на униформи како услуга, според добиените одговори, се појави само кај 2 основни и 1 средно училиште. За оваа набавка разбирливо се појавува разлика во цената по ученик, која се движи од 1.050 денари до 3.750 денари, бидејќи самите комплети што се наведени од училиштата вклучуваат различен број парчиња (дуксер + маица со краток ракав или мантил + медицинска униформа + панталони + горен жакет).

Екскурзиите што се организирале во рамките на основните и средните училишта се услуга којашто повлекува со себе и најголем износ на финансиски средства што се уплаќале од страна на родителите на учениците. За оваа набавка, повторно како и кај училишните униформи, се појавуваат разлики во поединечните цени, што е резултат на различните екскурзии што се организирале, како во поглед на бројот на ноќевања, така и во однос на локацијата/локациите каде што се спроведувале екскурзиите. За основните училишта, добиена е информација дека во 4 од 12 училишта се организирале екскурзии и поединечните цени за нивно спроведување се движеле помеѓу 1.000 и 5.680 денари. Кај средните училишта, организирање екскурзија имало во 5 од 7 училишта, и тоа кај 4 била организирана само генерациска екскурзија, а кај петто училиште биле спроведени 3 екскурзии, и тоа една генерациска и две посети на Охрид и Скопје. Токму и најниската цена по ученик е за организирана екскурзија – посета на Охрид, чијашто цена изнесувала 269 денари, а највисоката цена по ученик изнесувала 23.880 денари, која била за генерациска екскурзија.

## ПРАВИЛНИЦИ И АКТИ ПО КОИ ПОСТАПУВААТ УЧИЛИШТАТА ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ И ПРОИЗВОДИТЕ

Спроведувањето на екскурзиите, вклучувајќи го и начинот на којшто се одбира понуда, училиштата го изведуваат во согласност со Правилникот за спроведување екскурзии којшто е даден од страна на Министерство за образование и наука (МОН).

Што се однесува на информацијата за начинот на којшто се спроведуваат набавките и доставувањето на интерните акти по кои постапуваат училиштата, сите училишта кои дадоа информација дека собираат парични средства од родителите на учениците за спроведување набавки на одредени услуги или производи преку Советот на родители, притоа истакнаа дека се постапува во согласност со Статутот на училиштето во поглед на Советот на родители и дека тие немаат конкретни интерни акти. Анализата на статутите, пак, покажува дека тие не содржат никакви информации поврзани со начинот на коишто се спроведуваат постапките за набавката на стоки и услуги со пари од родителите.

Одговорите што беа добиени од страна на основните училишта се дека тие постапуваат во согласност со Деловникот за работа на Советот на родители и доколку има потреба, се формираат комисии кои одлучуваат по добиените понуди. Едно училиште истакна дека при набавките постапува во согласност со Правилникот за набавка од мала вредност. Што се однесува на средните училишта, и кај нив се појавува постапување во согласност со Статутот на училиштето во делот за Советот на родители, како и постапување во согласност со Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии.

Во однос на прашањето поврзано со објавување на интерните акти по кои се спроведуваат набавките на производите и услуг ите што се финансираат со средства од родителите на учениците, добиени се одговори дека ниту едно училиште нема објавено интерни акти на своите веб-страници. Имено, најголемиот дел од нив се изјаснија дека тоа не го прават бидејќи немаат функционални веб-страници, веб-страниците им се во изработка или поради фактот што училиштето воопшто нема своја веб-страница.

Она што на крајот може да се заклучи е дека ризикот од корупција е присутен во набавките со пари од родителите во основните и во средните училишта, затоа што не постојат јасни и прецизни правила според кои се спроведуваат овие постапки. Имено, за да се обезбеди најдобрата вредност за парите во набавките за учениците, потребно е се обезбеди транспарентност на процесот и еднаков третман на понудувачите.

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

# Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Кичево



# НАОДИ ЗА УЧИЛИШТАТА ОД ОПШТИНА КИЧЕВО

- На територијата на Општина Кичево активни се 9 основни училишта и 2 средни училишта. Во основните училишта вкупниот број на ученици изнесува 3.253, додека, пак, бројот на средношколци во учебната 2022/23 е 1.395.

- Производите и услугите што училиштата ги набавуваат со средства од родителите се различни, и тоа: лично осигурување на учениците, фотографирање за табло, групно фотографирање на крајот од учебната година, екскурзии, полуматурски и матурски прослави, како и набавка на униформи, што како услуга е забележана само во едно основно училиште во општината.

- Личното осигурување е услуга што ја набавуваат сите училишта и цената за оваа услуга е идентична, односно изнесува 100 денари по ученик. Фотографирањето за табло се движи од 800, па сè до 1.300 денари по ученик. Кај екскурзиите, сумата по ученик се движи од 800, па сè до 10.500 денари, во зависност од должината на екскурзијата.

- Со оглед на тоа што услугите и производите што ги набавуваат училиштата се различни, а и различен е бројот на ученици во секое од училиштата, различна е и висината на вкупните финансиски средства што се собрани од родителите на учениците. Имено, најмногу средства собрани од родителите има Средното општинско училиште „Дрита“, и тоа по основ на екскурзии за учениците од трета и од четврта година: 10.500 денари по ученик, за трета година, и 8.000 денари по ученик, за четврта година, или вкупно 2.266.122 денари, додека, пак, најмалку средства се собрани во училиштата што собираат средства од родителите само по основ на осигурување, коешто чини 100 денари по ученик.

- Ниту едно од основните училишта нема интерни акти врз основа на кои ги спроведуваат овие набавки. Дел од училиштата се повикаа на Правилникот од МОН за организирање екскурзии и други вонучилишни активности за основните училишта, што се применува само во однос на екскурзиите, но не и за другите набавки.

- Средните училишта исто така немаат интерни акти врз основа на коишто ги спроведуваат набавките со средства од родителите, а едно од нив (ОСУ „Мирко Милески“) тврди дека воопшто не прибира средства од родителите, односно се оградува од процесот повторувајќи го она што е веќе познато, дека овие средства не минуваат низ жиро-сметката на училиштето, туку самите претставници на родителите ги спроведуваат набавките, избираат понудувачи и плаќаат за осигурување, сликање за групни фотографии или, пак, за табло, екскурзии и слично.

- Ниту едно основно или средно училиште на територијата на Општина Кичево нема активна веб-страница, иако во Правилникот за основните училишта стои дека годишните програми за вакви вонучилишни активности треба да бидат јавно достапни и на веб-страниците на училиштата.

# ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ

На територијата на Општина Кичево, образованието се одвива во рамките на 9 основни и 2 средни училишта, со вкупен број на ученици 4.648 во учебната 2022/2023 и вкупно собрани 4.149.082 денари од родителите на учениците, за набавка на различни производи и услуги, како фотографирање, осигурување, организирање екскурзии итн.

Приказ на училишта, број на ученици и вкупните трошоци финансирани со пари родителите на учениците

| Назив на училиште (основно и средно) | Вкупен број на ученици | Вкупна вредност за сите услуги во денари |
|---|---|---|
| ОУ „Милто Гура“ | 163 | Училиштето не ги достави побараните податоци |
| ОУ „Кузман Јосифоски-Питу“ | 648 | 453.660 |
| ОУ „Наим Фрашери“ | 58 | 5.800 |
| ОУ „Ѓерѓ Кастриоти-Скендербеу“ | 87 | 60.900 |
| ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“ | 454 | 930.000 |
| ОУ „Христо Узунов“ | 134 | 33.400 |
| ОУ „Реџо Рушит Зајази“ | 281 | 208.800 |
| ОУ „Фаик Коница“ | 153 | 14.600 (не се сите деца осигурани) |
| ОУ „Санде Штерјоски“ | 1.428 | 124.300 |
| СОУ „Мирко Милески“ | 837 | Училиштето не ги достави побараните податоци |
| СОУ „Дрита“ | 558 | 2.317.622 |

## ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Во основното училиште **„Милто Гура“ од село Стрелци,** Општина Кичево, учат вкупно 163 ученици. Според одговорот на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, училиштето нема набавки кои се финансираат со пари од родителите и нема интерни акти за спроведување на набавки на производи и услуги што се финансираат со пари од родителите на учениците.

Во основното училиште **„Кузман Јосифоски-Питу“**, Кичево, учат вкупно 648 ученици. Според одговорот од страна на училиштето, тоа со парите од родителите набавува неколку видови услуги, и тоа: осигурување на учениците; фотографирање за табло; групна фотографија; полуматурска прослава и посета на фестивал „Поточиња“.

За услугата осигурување, од родителите се собираат по 100 денари по ученик, со тоа што осигурувањето не е задолжително за сите ученици, туку со одлука поединечно на родителите. Фотографирањето за табло било направено за 89 ученици од 9. одделение во учебната 2022/2023 година, а притоа секој ученик плаќал по 900 денари, или вкупно за оваа услуга биле собрани 80.100 денари.

За групни фотографии како услуга се собрани вкупно 64.800 денари, односно 100 по ученик, додека, пак, за поединечните фотографии, родителите се изјаснуваат сами дали нивното дете ќе се слика или не. Оваа услуга чини 50 денари по ученик, а вкупно биле собрани 30.300 денари. За полуматурска прослава, учениците плаќале по 1.300 денари, или вкупно 89 ученици платиле 115.700 денари.

Последната услуга за којашто родителите собирале пари била за влезници на детскиот фестивал, којашто исто така не била задолжителна за сите ученици, па така 303 ученици го следеле детскиот фестивал, за што платиле по 120 денари, или вкупно по овој основ биле собрани 36.360 денари. Преглед на вкупно собраните износи на средства, видот на услугата, како и цената на услугата по ученик се претставени и во табела бр. 1.

Табела бр. 1 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средства собрани од родителите на учениците во ОУ „Кузман Јосифоски-Питу“, Кичево

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | 63.200 | 100 |
| Фотографирање за табло | 80.100 | 900 |
| Групна фотографија | 64.800 | 100 |
| Поединечна фотографија | 30.300 | 50 |
| Полуматурска прослава | 115.700 | 1300 |
| Фестивал „Поточиња“ | 36.360 | 120 |
| **Вкупно** | **453.660** | |

Училиштето нема интерни акти за набавка на производи и услуги што се обезбедуваат со пари на родителите, а не е активна ниту веб-страницата на училиштето.

Во **ЦОУ „Наим Фрашери“, село Јагол Доленци**, Кичево, во учебната 2022/23 година наставата ја следеле вкупно 58 ученици. Со пари собрани од училиштето се финансира само личното осигурување на учениците, а вкупната сума што е собрана по овој основ изнесува 5.800 денари, или 100 денари по ученик.

Во основното училиште **„Ѓерѓ Кастриоти-Скендербеу“, село Србица**, Кичево, во 2022/2023 година биле запишани вкупно 87 ученици. Како услуги што училиштето ги набавува со средства од родителите на учениците се наведени: осигурување; фотографирање; екскурзии.

За услугата осигурување учениците плаќаат по 100 денари, или вкупно по овој основ собрани се 8.700 денари, за фотографирање исто така по 100 денари, додека, пак, за екскурзија 500 денари по ученик, или вкупно 43.500 денари (Табела бр. 2)

Табела бр. 2 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средства собрани од родителите на учениците во ОУ „Ѓерѓ Кастриоти-Скендербеу“

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | 8.700 | 100 |
| Групно фотографирање | 8.700 | 100 |
| Екскурзии | 43.500 | 500 |
| **Вкупно** | **60.900** | |

Усвоени интерни акти врз основа на коишто би се вршеле набавките на погоренаведените услуги нема, а училиштето нема ниту активна веб-страница.

Во основното училиште **„Д-р Владимир Полежиноски“,** во учебната 2022/23 година, вкупно биле запишани 454 ученици. Училиштето со средства од родителите ги набавува следните услуги: работна облека/униформа (дуксерка и 2 ‘поло’ маици) за секој ученик; екскурзија за учениците од 9. одделение; групно фотографирање; фотографирање за табло за учениците од 9. одделение и осигурување на ученици.

За униформите на учениците, родителите плаќале по 1.650 денари од ученик, или вкупно за оваа намена се собрани 749.100 денари, додека, пак, кога станува збор за екскурзии, родителите плаќале 800 денари по ученик, а за екскурзија на учениците од 9. одделение, односно за 53 ученици, биле собрани 42.400 денари. За групно фотографирање родителите одвојуваат 100 денари, додека, пак, за фотографирање за табло 900 денари. За осигурување родителите издвојуваат по 100 денари. Вкупниот износ на средства што родителите го издвоиле во учебната 2022/23 изнесува 930.000 денари (табела бр. 3).

Табела бр. 3 – Вид на услуги и цени по услуга што ги платиле родителите во ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Работна облека/униформа | 749.100 | 1.650 |
| Екскурзија за ученици од 9. одделение | 42.400 | 800 |
| Групно фотографирање | 45.400 | 100 |
| Фотографирање за табло за ученици од 9. Одделение | 47.700 | 900 |
| Осигурување | 45.400 | 100 |
| **Вкупно** | **930.000** | |

Во основното училиште **„Христо Узунов“ во селото Другово**, Општина Кичево, во учебната 2022/23 година бројот на ученици што следат редовна настава изнесува 134. Родителите на овие ученици плаќаат по 100 денари за ученичко осигурување (коешто не е задолжително). Сликањето, пак, на учениците од деветто одделение се изведува преку собирање понуди од фотографските студија и избирање најповолна понуда во присуство на сите родители и класните раководители. Во учебната 2022/23 година, сумата изнесувала 1000 денари по ученик за слики во различни големини и за изработка на табло со алманах, како и за сликање на полуматурската вечер.

Во основното училиште **„Реџо Рушит Зајази“ од селото Зајас**, средства од родителите не се бараат по ниту еден основ, освен за тродневна екскурзија на учениците од 9. одделение, чијашто цена изнесувала 5.800 денари по ученик. Во училиштето, во учебната 2022/23 година, наставата ја следеле вкупно 281 ученик.

Во основното училиште **„Фаик Коница“, село Грешница,** во учебната 2022/23 година имало вкупно 153 ученици, а средства од родителите за потребите на училиштето не се барани по ниту еден основ, освен за лично осигурување за коешто родителите плаќале по 100 денари, но е напоменато дека не сите ученици биле осигурани, туку во зависност од изборот на родителите.

Како и останатите, така и ова училиште нема интерни акти според коишто би се вршеле јавните набавки што се плаќаат со средства на родителите.

Во основното училиште **„Санде Штерјоски", Кичево**, во учебната 2022/23 наставата ја следеле вкупно 1.428 ученици, на три наставни јазици: македонски, албански и турски, а училиштето не собира средства од родителите по ниту еден основ, освен за ученичко доброволно лично осигурување, во износ од 100 денари по ученик.

## СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Во Општина Кичево има 2 средни училишта, и тоа:

- ОСУ „Мирко Милески" и
- ОСУ „Дрита", каде што наставата се одвива на албански и на турски јазик.

**ОСУ „Мирко Милески"** наставата ја изведува за вкупно 837 ученици во учебната 2022/23 година. Училиштето организира завршна екскурзија и еднодневни научни екскурзии, во согласност со Годишната програма на училиштето и Правилникот за реализирање на екскурзии од МОН. Овие екскурзии ги финансираат родителите на учениците. Плаќањето на завршната екскурзија го вршат родителите директно на жиро-сметка на агенцијата. Учениците на доброволна основа се осигуруваат и, преку благајникот на паралелката, плаќаат во осигурителната компанија. Истото се однесува и за фотографските услуги, матурската вечер, еднодневните научни екскурзии итн., па училиштето наведува дека во согласност со вака наведената фактичка состојба, училиштето не собира пари од родителите по ниту еден основ, а и самото е со блокирана жиро-сметка.

Во **средното училиште „Дрита", Кичево,** во учебната 2022/23 вкупниот број на ученици бил 558. Како листа на производи и услуги што ги наведува училиштето се научните екскурзии и осигурувањето. За научните екскурзии за учениците од трета и од четврта година, од родителите се собрани и потрошени вкупно 2.266.122 денари. Трошокот на ниво на ученик за трета година е 10.500 денари, а за ученик во четврта година 8.000 денари. Што се однесува на училишното лично осигурување, тоа изнесува 100 денари по ученик, а осигурувањето е по желба на родителот/старателот на ученикот (табела бр. 4). Спроведените набавки на производи и услуги финансирани со средства од родителите се извршени во согласност со Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, донесен од министерот за образование и наука по архивски број 07-9992/3 од 05.06.2014 година. Правилникот е објавен на веб-страницата на МОН и достапен на следниот линк: https://mon.gov.mk/stored/document/pravilnik%20ekskurzii%20sredno-nov%20final.pdf

Табела бр. 4 – Средства собрани од родителите за вонучилишни активности
во ОСУ „Дрита" – Кичево

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Научни екскурзии | 2.266.122 | Трета година – 10.500<br>Четврта година – 8.000 |
| Осигурување | 51.500 | 100 |
| **Вкупно** | **2.317.622** | |

center for intercultural dialogue

# Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Куманово



# НАОДИ ЗА УЧИЛИШТАТА ОД ОПШТИНА КУМАНОВО

- Производите и услугите што училиштата ги набавуваат со средства од родителите се различни во сите училишта. Вообичаено, тоа се осигурување, екскурзии, кинопретстави, излети, настава во природа и фотографирање. СОУ „Перо Наков“, освен за останатите услуги, собира пари од родителите и за обезбедување и за матурската прослава. УОМО „Панче Пешев“, пак, со пари од родителите има финансирано дел од своите инструменти, за штимање и сервис на пијана, како и превоз на учениците.

- Според добиените резултати, може да заклучиме дека висината на финансиските средства зависи и од бројот на запишани ученици во училиштата, бидејќи овие услуги се користат доброволно. Поголемиот број ученици подразбира повисоки финансиски средства собрани од страна на родителите. Најмногу средства собрани од родителите има основното училиште „Кочо Рацин“, односно 112.500 денари по основ на осигурување и 1.989.250 денари за екскурзии, или вкупно 2.101.750 денари. Училиште со најмалку средства прибрани од страна на родителите, и тоа само по основ на личното осигурување, е основното училиште „Вера Которка“, кое инаку е и училиште со најмал број ученици.

- Само пет од вкупно седумнаесет основни училишта, меѓу кои ООУ „Вера Которка“ с. Клечовце, ООУ „Бајрам Шабани“, ООУ „Наим Фрашери“, УОМО „Панче Пешев“ и ООУ „Кочо Рацин“, тврдат дека имаат интерни акти според кои се спроведени набавките на производи и услуги финансирани со пари на родителите. Но овие акти (процедури) не се објавени на веб-страниците на училиштата, а не беа ниту доставени, иако беа побарани во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Некои училишта, освен страница на Фејсбук, немаат своја веб-страница.

- Секое училиште функционира различно, односно училиштата немаат изедначеност околу набавките на производите и услугите што се финансираат со пари од родителите. И средните и основните општински училишта си имаат различни документи и немаат еден официјален правилник според којшто ќе се водат сите училишта.

- Иако дел од училиштата тврдеа во доставените одговори дека имаат акти и дека ги објавиле, тие сепак не се достапни поради нефункционалните веб-страници на училиштата. Сето ова доведува до намалување на транспарентноста на работата на училиштата.

# ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ

На територија на Општина Куманово, образованието се одвива во рамките на 17 основни општински училишта и 5 средни општински училишта, со вкупен број од 14.907 ученици и вкупно собрани 4.137.820 денари од родителите за набавка на различни производи и услуги, како осигурување, екскурзии, фотографски услуги, излети, кинопретстави итн.

Табела 1 - Приказ на училишта, број на ученици и вкупните трошоци финансирани со пари родителите на учениците

| Назив на основни и средни училишта | Вкупен број на ученици | Вкупна вредност на услугите во денари |
|---|---|---|
| ООУ „Бајрам Шабани“ | 1.067 | 365.220 |
| ООУ „Кочо Рацин“ | 1.241 | 2.101.750 |
| ООУ „11 Октомври“ | 430 | 785.550 |
| ООУ „Вук Караџиќ“ | 85 | 8.100 |
| ООУ „Толи Зордумис“ | 487 | 426.800 |
| ООУ „Браќа Рибар“ с. Табановце | 238 | 63.200 |
| ООУ „Магдалена Антова“ | 674 | 66.700 |
| ООУ „Вера Которка“ | 65 | 4.600 |
| ООУ „Христијан Карпош“ | 1.087 | 80.300 |
| ООУ „Наим Фрашери“ | 1.173 | 108.600 |
| УОМО „Панче Пешев“ | 215 | 117.000 |
| ООУ „Браќа Миладиновци“ | 1.263 | Не е доставена побараната информација |
| ООУ „Крсте Мисирков“ | 1.003 | Не е доставена побараната информација |
| ООУ „Битолски конгрес“ | 225 | Не е доставена побараната информација |
| ООУ „Карпош“ с. Умин дол | 128 | Не е доставена побараната информација |
| ООУ „Јероним де Рада“ | 488 | Не е доставена побараната информација |
| ООУ „Кирил и Методиј“ | 368 | Не е доставена побараната информација |
| СОУ „Наце Буѓони“ | 1.885 | Не е доставена побараната информација |
| СОУ Гимназија „Сами Фрашери“ | 663 | 10.000 (Податоците се делумни) |
| СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ | 824 | Не е доставена побараната информација |
| РЦСОО „Киро Бурназ“ | 506 | Не е доставена побараната информација |
| СОУ „Перо Наков“ | 792 | Не е доставена побараната информација |
| **ВКУПНО** | **14.907 ученици** | |

## ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Во **ООУ „Кочо Рацин"**, во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 1.241 ученик. Според одговорот од страна на училиштето, тоа со парите од родителите набавува неколку видови услуги, и тоа: осигурување на учениците, екскурзии и излети. За услугата осигурување, од родителите се собираат по 100 денари од ученик, со тоа што оваа услуга е доброволна. Вкупно биле собрани 112.500 денари за осигурување во учебната 2022/2023 година. За еднодневните излети, по ученик биле собирани 300 денари, додека, пак, за екскурзиите вкупно биле собрани 1.932.150 денари. Преглед на вкупно собраните износи на средства, видот на услугата, како и цената на услугата по ученик се претставени и во табела бр. 2.

Табела бр. 2 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средства собрани од родителите на учениците во ООУ „Кочо Рацин" Куманово

| Вид услуга/производ | Вредност по ученик во денари | Вкупна вредност во денари |
|---|---|---|
| Осигурување на ученици | 100 | 112.500 |
| Еднодневни излети | 300 | 64.100 |
| Еднодневна екскурзија за 3. одделение | 1.449 | 192.962 |
| Еднодневна екскурзија за 5. одделение | 5.399 | 615.486 |
| Екскурзија за 6. одделение | 3.660 | 344.040 |
| Екскурзија за 9. одделение | 5.599 | 772.662 |
| **Вкупен износ:** | | **2.101.750** |

Спроведените набавки училиштето ги извршува според усвоени интерни акти и документи, како што се:

- Правилник за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците;
- Процедури и активности кои ги користи училиштето за обезбедување грижа и заштита на учениците;
- Одлука на Советот на родители.

Во периодот 2022/2023 година биле објавени интерните акти, а во моментот тие се ажурираат. Во **ООУ „Браќа Миладиновци"**, во учебната 2022/2023 година имало вкупно запишани 1.263 ученици. Според одговорот од страна на училиштето, тоа со парите од родителите набавува неколку видови услуги, и тоа: осигурување на учениците, екскурзии и фотографски услуги. Осигурувањето чини 100 денари по ученик и е доброволно. Целосната постапка за осигурување, екскурзии и фотографски услуги се спроведува преку Советот на родители и родителите лично си ги уплаќаат парите на избраните компании. Екскурзиите се реализираат по правилници од МОН и во согласност со Законот за основно образование. Во училиштето нема изготвени интерни акти за набавка на производи и услуги што се финансираат со пари на родителите.

**ООУ „Вук Караџиќ"**, во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 85 ученици. Со пари собрани од училиштето се финансира само личното осигурување на учениците, кое чини 100 денари по ученик. Вкупната сума што е собрана по овој основ изнесува 8.100 денари. ООУ „Вук Караџиќ" е единствено основно училиште кое има спроведено колективно осигурување на учениците врз основа на интерен акт, којшто го има објавено на својата веб-страница на 4.11.2022 година.

**ООУ „Магдалена Антова“,** во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 674 ученици. Според одговорот од страна на училиштето, тоа собира пари од родителите за личното осигурување на учениците, и тоа по 100 денари од ученик, или вкупно има собрано 66.700 денари. Училиштето собира пари од родителите и за екскурзиите, но немаат наведено износ на сумата што ја имаат собрано за учебната 2022/2023 година. Екскурзијата ја реализираат врз основа на правилник за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, донесен од МОН, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година, а плаќањето се врши од родителите директно кон туристичката агенција, во согласност со избраната понуда. За осигурувањето, училиштето формира комисија на ниво на училиштето, во која учествуваат претставници од родителите и која врши избор на најповолната понуда. Интерните акти училиштето не ги објавува, туку родителите се информираат преку Советот на родители и преку родителските состаноци и секој се запознава со информациите во врска со екскурзиите и осигурувањето на учениците.

Во **ООУ „Христијан Карпош“,** во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 1.087 ученици. Според одговорот од страна на училиштето, тоа со парите од родителите набавува неколку видови услуги, и тоа: осигурување на учениците, екскурзии и фотографски услуги. За услугата осигурување на учениците, имаат собрано вкупно 80.300 денари, кои се уплатени кон осигурителната компанија од страна на родителите. Исто така и финансиските средства за изведување на ученичките екскурзии родителите ги уплаќале директно кон туристичка агенција. За фотографските услуги, исто така учениците платиле на фотоагенцијата. Училиштето за спроведените набавки на производи и услуги има договори, записници и други акти. Но не ги објавува на веб-страницата на училиштето.

**ООУ „ 11 Октомври“**, во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 430 ученици. Училиштето со парите од родителите набавува неколку видови услуги, и тоа: осигурување на учениците, екскурзии и фотографирање и алманах за 9. одделение. Детален преглед на собраните износи на средствата, како и видот на услугата и цена на услугата по ученик се претставени и во табела бр. 3.

Табела бр. 3 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средства собрани од родители на ученици во ООУ „ 11 Октомври“ Куманово

| Вид услуга/производ | Вредност по ученик во денари | Вкупна вредност во денари |
|---|---|---|
| Осигурување за ученици | 100 | 39.800 |
| Фотографирање и алманах за 9. Одделение | 800 | 33.600 |
| Екскурзии за 5. одделение | 5.500 | 82.000 |
| Екскурзии за 6. одделение | 3.700 | 103.550 |
| Екскурзии за 9. одделение | 5.900 | 230.200 |
| **Вкупен износ:** | | **489.150** |

За осигурувањето, во училиштето се дискутира и се одлучува на Советот на родители и тоа се обезбедува преку интерна набавка со затворена постапка во присуство на претставници од Советот на родители, по што училиштето нема обврска да го објавува на веб-страницата. Исто така и за екскурзиите се одлучува врз основа на позитивното мислење на Советот на родители. За фотографирање и алманах за 9. одделение одлучуваат претставници на родителите од секое деветто одделение, по интерно доставување понуди до училиштето.

**ООУ „Бајрам Шабани“,** во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 1.067 ученици. Како производи и услуги финансирани со пари собрани од страна на родителите ги имаат следниве: осигурување на учениците, екскурзии и фотографски услуги. Детален преглед на собраните износи на средства, како и видот на услугата и цена на услугата по ученик се претставени и во табела бр. 4.

Табела бр. 4 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ООУ „Бајрам Шабани“ Куманово

| Вид услуга/производ | Вредност по ученик во денари | Вкупна вредност во денари |
|---|---|---|
| Осигурување на учениците | 100 | 62.500 |
| Екскурзии | 3.100 | 238.700 |
| Фотографски услуги | 60 | 64.020 |
| **Вкупен износ:** | | **365.220** |

Училиштето одговори дека спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите се извршени врз основа на усвоени интерни акти со оглас, тендерска документација и комисија за јавни набавки. Исто така одговорија и дека веб-страницата на училиштето моментално не е во функција. Но, во прилог на ова тврдење, не беа доставени интерни акти и соодветни документи.

**Во ООУ „Крсте Мисирков“,** во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 1.003 ученици. Производи и услуги што се финансирани од страна на родителите за учебната 2022/2023 година се: настава во природа за петто одделение, екскурзија за деветто одделение и осигурување на учениците. Детален преглед на износот на собраните средства, како и видот на услугата и цена на услугата по ученик се претставени и во табела бр. 5.

Табела бр. 5 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ООУ „Крсте Мисирков“ Куманово

| Вид услуга/производ | Вредност по ученик во денари | Вкупна вредност во денари |
|---|---|---|
| Настава во природа за 5. одделение | 5.600 | 476.000 |
| Екскурзија за 9. Одделение | 5.600 | 616.000 |
| Осигурување на учениците | 100 | 90.700 |
| **Вкупен износ:** | | **1.182.700** |

Од училиштето се изјаснија дека спроведените набавки се извршени врз основа на позитивни мислења од Советот на родители, и дека се објавени само на огласната табла на училиштето.

**ООУ „Толи Зордумис“**, во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 487 ученици, од кои:

- Во ЦОУ „Толи Зордумис“ се запишани 134 ученици кои посетуваат настава на македонски јазик и 304 ученици кои посетуваат настава на албански јазик;
- Во ПУ „Толи Зордумис“ во с. Режановце се запишани 49 ученици кои посетуваат настава на македонски јазик.

Листата на производи и услуги финансирани од страна на родителите содржи: осигурување на учениците, фотографирање, кинопретстави, екскурзии, излети и настава во природа. Детален преглед на износот на собраните средства, како и видот на услугата и цената на услугата по ученик се претставени и во табела бр. 6.

Табела бр. 6 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ООУ „Толи Зордумис" Куманово

| Вид услуга/производ | Вредност по ученик во денари | Вкупна вредност во денари |
|---|---|---|
| Осигурување на учениците | 100 | 31.100 |
| Фотографирање | 120 | 21.600 |
| Кинопретстави | 150 | 25.500 |
| Екскурзии | 6.300 | 151.200 |
| Настава во природа | 6.800 | 122.400 |
| Излети | 250 | 75.000 |
| **Вкупен износ** | | **426.800** |

Од училиштето напоменаа дека наведените трошоци не се однесуваат на сите ученици, туку тоа зависи од одделението. На пример: на екскурзија одат само ученици од деветто одделение; настава во природа посетуваат само ученици од петто одделение; излетите се наменети за ученици од трето до деветто одделение.

Самото училиште нема усвоено интерни акти за спроведените набавки, освен Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците опфатен со годишната програма за работа на училиштето, изготвена од МОН. Немаат ништо објавено на својата веб-страница.

**ООУ „Битолски конгрес",** во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 225 ученици. Од училиштето тврдат дека немаат набавено производи и услуги кои се финансирани со пари од родителите и немаат спроведено такви набавки, па оттука немаат ниту интерни акти.

**ООУ „Карпош" с. Умин Дол,** Куманово, во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 128 ученици. Од училиштето тврдат дека немаат набавено производи и услуги што се финансирани со пари од родителите.

**ООУ „Вера Которка" с. Клечовце,** Куманово, во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 65 ученици. Единствената услуга која ја користат учениците, а е финансирана од страна на родителите, е осигурувањето. Тоа чини 100 денари по ученик, а во учебната 2022/2023 година биле собрани вкупно 4.600 денари за осигурување. Спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари собрани од родителите се извршени врз основа на законски акти, годишна програма и анкети меѓу родителите. Законските акти се објавени на веб-страницата на училиштето.

**ООУ „Јероним де Рада",** во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 488 ученици. Од училиштето тврдат дека немаат набавено производи и услуги што се финансирани со пари од родителите.

**ООУ „Кирил и Методиј", с. Романовце,** Куманово, во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 368 ученици. Тука се вклучени и учениците од подрачното училиште во с. Агино Село, од кои 168 се женски, а 200 се машки. На македонски јазик наставата ја следеле 117 ученици (тука се вклучени и учениците од подрачното училиште во с. Агино Село), а наставата на албански јазик – 251 ученик. Од училиштето тврдат дека немаат набавено производи и услуги што се финансирани со пари од родителите.

**ООУ „Браќа Рибар“, с. Табановце**, Куманово, во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 238 ученици. Листата на производи и услуги кои во училиштето се финансирани со пари собрани од родителите на учениците во учебната 2022/2023 година содржи: екскурзии, осигурување на учениците и фотографски услуги. Детален преглед на износот на собраните средства, како и видот на услугата и цената на услугата по ученик се претставени и во табела бр. 7.

Табела бр. 7 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ООУ „Браќа Рибар“ Куманово

| Вид услуга/производ | Вредност по ученик во денари | Вкупна вредност во денари |
|---|---|---|
| Осигурување на учениците | 100 | 12.700 |
| Екскурзии | 350 | 40.000 |
| Фотографски услуги | 50 | 10.500 |
| **Вкупен износ:** | | **63.200** |

Училиштето за спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите нема изготвено интерни акти.

Бројот на ученици запишани во **ООУ „Наим Фрашери“** во учебната 2022/2023 година бил 1.173, распоредени во 55 паралелки. Во училиштето, од страна на родителите на учениците, биле финансирани следниве услуги: осигурување на учениците, фотографирање и екскурзии. Детален преглед на износот на собраните средства, како и видот на услугата и цената на услугата по ученик се претставени и во табела бр. 8.

Табела бр. 8 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ООУ „Наим Фрашери“ Куманово

| Вид услуга/производ | Вредност по ученик во денари | Вкупна вредност во денари |
|---|---|---|
| Осигурување на учениците | 100 | 50.000 |
| Екскурзии | Не е доставена информацијата | Не е доставена информацијата |
| Фотографски услуги | 60 | 58.600 |
| **Вкупен износ** | | **108.600** |

Во **УОМО „Панче Пешев“**, бројот на запишани ученици во учебната 2022/2023 година бил 215. Производите и услугите што се финансирани со пари собрани од родителите на учениците се следниве: ксилофон „thomann“, марекс Торнадо студио, штимање и сервис на пијана и превоз на ученици на релација Куманово – Скопје – Куманово. Детален преглед на вкупната висина на финансиските средства од горенаведената листа се претставени и во табела бр. 9.

Табела бр. 9 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во УОМО „Панче Пешев" Куманово

| Вид услуга/производ | Вкупна вредност во денари |
|---|---|
| Музички инструмент Thomann THTX 3.0 Ксилофон | 24.800 |
| Музички инструмент Marex TND044TC Tornado studio | 43.200 |
| Штимање и сервис на пијана | 45.000 |
| Превоз на ученици | 4.000 |
| **Вкупен износ** | **117.000** |

Од училиштето се изјаснија дека сите трошоци или набавки што се направени од гореспоменатите средства се наменети во интерес на учениците. А од релевантните документи, од училиштето доставија одлука од училиштен одбор бр.02-56/1 од 28.02.2023 година. Одлуката е објавена на веб-страницата на училиштето.

## СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Во **СОУ Гимназија „Гоце Делчев"**, Куманово, во учебната 2022/2023 година, имало запишани 824 ученици. Од училиштето тврдат дека немаат набавено производи и услуги што се финансирани со пари од родителите и оттука, немаат ниту интерни акти.

Во СОУ Гимназија „Сами Фрашери", во учебната 2022/2023 година, имало вкупно запишани 663 ученици. Во врска со листата на производи и услуги што се финансирани со пари собрани од родителите на учениците, единствена таква услуга е екскурзијата, за која не собираат повеќе од 10.000 денари. Училиштето нема интерни акти.

Во **СОУ „Перо Наков"**, во учебната 2022/2023 година, имало запишани вкупно 792 ученици, од кои 505 ученици во македонски паралелки, а 287 ученици во албански паралелки. Листата на производи и услуги што во училиштето се финансирани со пари собрани од родителите на учениците содржи: обезбедување на учениците, осигурување на учениците, завршна екскурзија за учениците од трета година, фотографирање за учениците матуранти и матурска прослава.

Детален преглед на вкупната висина на финансиските средства од горенаведената листа се претставени и во табела бр. 10.

Табела бр. 10 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во СОУ „Перо Наков" Куманово

| Вид на услуга/производ | Вредност по ученик во денари | Вкупна вредност во денари |
|---|---|---|
| Обезбедување на учениците | | 29.000 (месечна фактура со ДДВ) |
| Осигурување на учениците (доброволно) | 100 | Не е доставена побараната информација |
| Завршна екскурзија (доброволно) | 22.500 | Не е доставена побараната информација |
| Сликање за ученици матуранти:<br>- македонски паралелки<br>- албански паралелки | <br>1.100<br>1.200 | Не е доставена побараната информација |

Во **СОУ „Наце Буѓони“**, во учебната 2022/2023 година, имало запишани вкупно 1.885 ученици, од кои 848 ученици посетувале настава на македонски јазик, а 1.037 ученици посетувале настава на албански јазик. Учениците биле распоредени во 73 паралелки (35 паралелки на македонски јазик и 38 паралелки на албански јазик). Од училиштето тврдат дека немаат ниту еден производ или услуга што е финансирана со пари собрани од родителите на учениците, што подразбира и дека немаат интерни акти.

Во **РЦСОО „Киро Бурназ“**, во учебната 2022/2023 година, биле запишани вкупно 506 ученици. 411 ученици учат во паралелки во кои наставата е изведувана на македонски јазик, а 95 ученици – во паралелки во кои наставата е изведувана на албански јазик. Од училиштето тврдат дека немаат ниту еден производ или услуга што е финансирана со пари собрани од родителите на учениците. А нема ниту интерни акти.

ЕД Вила Зора
Велес

# Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Неготино



# НАОДИ ЗА УЧИЛИШТАТА ОД ОПШТИНА НЕГОТИНО

- Услугите кои сите училишта во Општина Неготино ги набавуваат со средства собрани од родителите се скоро идентични, и тоа: индивидуално осигурување на учениците, еднодневна или дводневна екскурзија и фотографирање за групна слика и за полуматурско табло.
- Услугата лично осигурување на учениците е со идентична цена од 100 денари по ученик во секое училиште. Истото се однесува и на фотографирањето. Цената за групна фотографија изнесува 70 денари по ученик, а за изработка на табло за полуматуранти, износот е 730 денари.
- Износот на финансиите кои ги уплатиле родителите на учениците е различен и се движи помеѓу 600 и 800 денари за еднодневна екскурзија и помеѓу 2800 денари и 3300 денари за дводневните екскурзии.
- Училиштата во Општина Неготино имаат интерни акти/правилници со кои се утврдуваат надлежностите на Советот на родители, но во нив не се прецизирани процедурите за спроведување на набавките.
- Правилата за екскурзии се спроведуваат според Правилникот од МОН за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.
- На веб-страниците на училиштата во Општина Неготино се објавени годишните програми и правилниците за работа.
- Ниту едно од училиштата на својата веб-страница нема објавено огласи за прибирање понуди за услугите кои ги користат учениците финансирани од страна на родителите.

# ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето во Општина Неготино е спроведено во 3 основни училишта, од кои 2 имаат подрачни училишта во руралниот дел од општината.

## ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“

Вкупниот број на ученици во **ООУ „Страшо Пинџур“**, во учебната 2022/23 година, изнесува 663 ученици во централното училиште и 216 ученици во подрачното училиште. Училиштето ги достави информациите за двете училишта како вкупни податоци.

Видови на услуги и вредност во ООУ „Страшо Пинџур“

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари |
|---|---|
| Осигурување | 71.500 |
| Фотографирање | 62.400 |
| Дводневна екскурзија | 214.500 |
| Еднодневна екскурзија | 63.700 |

Вкупниот износ на средствата за осигурување изнесува 71.500 денари. Вкупно 715 ученици се осигурани во учебната 2022/23 година. Единечната цена изнесува 100 денари по ученик.

Сумата од 62.400 денари се однесува на сликањето полуматуранти; за ученик пакет-цена од 730 денари, додека за останатите ученици, износот на групна фотографија е 70 денари од ученик.

Во учебната 2022/23 година, училиштето има организирано дводневни и еднодневни екскурзии. Еднодневните екскурзии биле наменети за учениците од 6. Одделение, што вклучува превоз од Неготино – Крушево – Битола – Прилеп во износ од 800 денари по ученик, а патувале 83 ученици. Дводневната екскурзија е за учениците од 9. одделение. Единечната цена е 3.300 денари, а патувале 33 деветтоодделенци.

Од училиштето објаснуваат дека тие само помагаат во реализација на извршување на услугите без мешање во одлуките донесени од Советот на родители, и тоа:

- Училиштето помага да набави понуди за бараните услуги и да ги достави до Советот на родители, без никакво мешање во носењето одлуки, собирање на средствата и реализација за бараните активности.
- Училиштето исклучиво ги спроведува сите постапки и активности според правилник за Советот на родители.
- Постапките пред и по реализација на екскурзиите се спроведени во согласност со Правилникот за изведување на екскурзии од МОН и во согласност со ЗОО, без да се навлегува во финансискиот дел.

## ООМУ „ВЛАДИМИР АРСОВСКИ"

**ООМУ „Владимир Арсовски"**, во учебната 2022/23 година, брои 168 ученици. Поради својата специфичност, училиштето ги задолжува родителите на своите ученици да уплатат средства само за штимање на инструментите, и тоа по 1.800 денари на годишно ниво. Финансиските средства се акумулираат на сметка на училиштето во последните 20 години, и ќе биле искористени за изградба на нова училишна зграда. Училиштето тврди дека не спроведува екскурзии, не организира фотографирање на учениците и нема обврски за осигурување на учениците.

## ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – П.У.С. ДОЛНИ ДИСАН

Во подрачното училиште Долни Дисан, во учебната 2022/23 година, настава посетувале 90 ученици.

Видови на услуги и вредност во П.У. С. Долни Дисан

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари |
|---|---|
| Осигурување | 8.600 |
| Фотографирање | 14.800 |
| Еднодневна и дводневна екскурзија | 63.800 |

Осигурувањето на учениците од Долни Дисан изнесува по 100 денари од ученик.

Износот на фотографија за сите ученици е 70 денари, со исклучок на полуматурантите, за кои износот на пакет-услуги е 730 денари по ученик.

Според Правилникот за екскурзии од Министерството за образование, спроведени се два типа на екскурзии, и тоа: за учениците од 3. одделение – еднодневна екскурзија со износ од 600 денари по ученик, за учениците од 6. одделение, дводневна екскурзија со износ од 2.800 денари од ученик, и за учениците од 9. Одделение, дводневна екскурзија со износ од 2.950 денари .

Избирањето на најповолна понуда е исклучиво со одлука на родителите, кои одлучуваат на состанок на Советот на родители.

## ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" НЕГОТИНО

Единечните цени за сите услуги се идентични со оние кај **ООУ „Гоце Делчев" Долни Дисан**. На прашањето за вкупен број ученици е одговорено дека училиштето брои 720 ученици, но оваа бројка е целосна, сосе сите подрачни училишта што спаѓаат под нив. Според тоа, овој податок не е точен.

Видови на услуги и вредност во ООУ „Гоце Делчев" Долни Дисан

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари |
|---|---|
| Осигурување | Не се доставени информации |
| Фотографирање | Не се доставени информации |
| Еднодневна и дводневна екскурзија | Не се доставени информации |

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
НОВУС

# Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Струмица



# НАОДИ ЗА УЧИЛИШТАТА ОД ОПШТИНА СТРУМИЦА

- Училиштата во Струмица користат средства од родителите за различни намени, вклучувајќи осигурување, фотографирање, екскурзии, набавување на училишна облека и други активности.
- Цените за осигурување се стандардизирани, додека трошоците за другите услуги значително варираат меѓу училиштата, зависно од видот на активностите и од одлуките на училиштата или на родителските совети.
- Има разлика во вкупните собрани средства од родителите меѓу училиштата, што го отсликува различниот број ученици и разновидноста на понудените услуги и активности.
- Малку училишта имаат формализирани процедури или интерни правила за организација на активностите што се финансираат од родителските средства, што укажува на потреба за подобрување на регулативната рамка и на практиките.
- Отсуството на активни веб-страници кај училиштата го отежнува пристапот до информации за вонучилишните активности финансирани од родителите, што го намалува нивото на транспарентност и отчетност.

Овие наоди ја посочуваат потребата за унапредување на транспарентноста и отчетноста на транспарентноста, стандардизацијата на процедурите, и вклучувањето на родителите во процесите на одлучување за користењето на средствата собрани од нив.

# ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Во Општина Струмица, образованието се одвива во рамките на 9 основни училишта и 3 средни училишта, со вкупен број ученици 7.928 за учебната година 2022/2023. Најголем дел од училиштата, иако навреме ги доставија одговорите на испратените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, всушност не ги доставија побараните информации.

Приказ на училишта, број на ученици и вкупните трошоци финансирани со пари родителите на учениците

| Назив на училиште (основно и средно) | Вкупен број на ученици | Вкупна вредност за сите услуги во денари |
|---|---|---|
| ООУ „Сандо Масев“ | 1245 | Не ги доставија побараните информации |
| ООУ „Видое Подгорец“ | 844 | Не ги доставија побараните информации |
| ООУ „Никола Вапцаров“ | 935 | 49.680 |
| ООУ „Маршал Тито“ | 761 | 20.000 (делумни податоци) |
| ОУ „Маршал Тито“ с. Муртино | 446 | Не ги доставија побараните информации |
| ООУ „Гоце Делчев“ с. Вељуса | 219 | Не ги доставија побараните информации |
| ООУ „Даме Груев“ с. Куклиш | 497 | Не ги доставија побараните информации |
| ООУ „Герас Цунев“ с. Просениково | 239 | 20.900 |
| ООУ „Кирил и Методиј“ с. Дабиље | 157 | 211.450 |
| СОУ „Јане Сандански“ | 817 | Не ги доставија побараните информации |
| СОУ „Никола Карев“ | 1063 | 103.500 (делумни податоци) |
| СОУУД „Димитар Влахов“ | 705 | 2.445.000 |

## ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

**Основното училиште „Сандо Масев“**, Струмица, навремено и отчетно ги достави бараните информации и одговори на прашањата кои беа наведени во барањето. Според доставените информации: бројот на ученици во ОУ „Сандо Масев“, Струмица, во учебната 2022/23 година, е 1245, од кои 645 машки и 600 женски. На листата на производи и услуги финансирани со пари собрани од родителите на учениците во учебната 2022/23 година се екскурзии, фотографии за табло, полуматурска забава и осигурување.

Трошокот на ниво на ученик на поединечните производи и услуги што се финансирани со пари од родителите е следниов:

- Екскурзија за ученици од трето одделение – 990 денари;
- Екскурзија за ученици од петто одделение – 6990 денари;
- Екскурзија за ученици од шесто одделение – 3990 денари;
- Екскурзија за ученици од деветто одделение – 5990 денари;
- Табло за полуматуранти, деветто одделение – 1200 денари;
- Полуматурска забава за деветто одделение – 1000 денари;
- Осигурување за ученици од прво до деветто одделение – 100 денари.

Осигурувањето и екскурзиите се на доброволна основа и не одат сите ученици, ниту, пак, сите ученици се осигуруваат. Не ни беше доставена вкупната сума на парите што се собираат од страна на училиштето.

**Од ОУ „Сандо Масев“** велат дека нема организирано јавна набавка за храна и обезбедување бидејќи не се спроведува, а сите останати набавки се регулирани со статутот на училиштето и годишната програма на училиштето. Сите акти се објавени на веб-страницата.

**ООУ „Маршал Тито“** Струмица, во учебната 2022/23, има запишани 761 ученик. Единствена услуга за која родителите на учениците во ова училиште одвојуваат свои средства се осигурувањето на учениците. Поединечната сума за осигурување по ученик изнесува 100 денари, осигурувањето на учениците е опционално и најголем дел од родителите не ги осигуруваат своите деца, а за изминатата година биле осигурени 200 ученици и биле собрани 20.000 денари. Во однос на прашањето дали спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите се извршени врз основа на усвоени интерни акти, одговорија дека нема такви набавки, а со тоа нема ниту интерни акти и не се споделени на веб-страницата на училиштето.

Според доставениот одговор, во **ООУ „Никола Вапцаров“** Струмица бројот на ученици во учебната 2022/2023 година изнесува 935 ученици. На листата на производи и услуги што се финансирани од страна на родителите се: осигурување на учениците и работна облека за учениците. Осигурувањето изнесува вкупно 49.680 денари, додека работната облека – вкупно 286.550 денари. Осигурување по ученик чини 90 денари, а цената на работната облека зависи од тоа кој ученик што има порачано (тешко е да се знае по ученик, бидејќи има маица, блуза и дуксер, сите производи се со различни цени). Сите спроведени набавки се извршени од училиштето во име на родителите, и тоа со одлука на Советот на родители. Овие податоци не се објавени на веб-страницата.

**ООУ„ Видое Подгорец“** ни одговорија дека бројот на ученици од I (прво) до IX (деветто) одделение во учебната 2022/2023 година е 844. Во учебната 2022/2023 година, од пари собрани од родителите на учениците се финансирани следниве услуги: осигурување на учениците, фотографирање на учениците, набавка на ученички униформи и организирање ученички екскурзии.

За погоре наведените услуги што се финансирани од пари на родителите на учениците се уплатени следните износи:

- За осигурување на учениците, износ од 100 денари по ученик;
- За фотографирање на учениците од IX (деветто) одделение, износ од 1400 денари по ученик;

За ученички униформи:

- Дуксер 1000 денари;
- Блуза со долги ракави 550 денари;
- Блуза со кратки ракави 400 денари.

За ученички екскурзии:

- За еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение, износ од 1.200 ден.
- За дводневна екскурзија со учениците од шесто одделение, износ од 3.600 ден.
- За тридневна екскурзија со учениците од деветто одделение, износ од 4.900 ден.
- За настава во природа со учениците од петто одделение, износ од 7.500 ден.

Сите износи се поединечно по ученик, со напомена дека некои родители го платиле износот директно во туристичката агенција, а некои во училиштето, на сметка 787. Не ни беше доставена вкупната сума на парите што се собираат од страна на училиштето.

Спроведените набавки на услуги со средства од родителите на учениците се извршени врз основа на спроведени постапки во согласност со позитивните законски прописи и се објавени на веб-страницата на училиштето.

Во **ООУ „Даме Груев“ с. Куклиш**, во учебната 2022/’23 година, има вкупно 497 ученици. Не ни беа доставени информации од страна на училиштето.

Во **ООУ „Св. Кирил и Методиј“ с. Дабиље**, во учебната 2022/’23 година, вкупната бројка на ученици изнесувала 157. На листата на производи и услуги што се финансирани од страна на родителите се осигурување на учениците, екскурзии и фотографски услуги.

Вкупната сума на потрошени средства на родителите за осигурување на учениците изнесува 15.500 денари, за екскурзии – 9. одд., 72.350 ден; 6. одд., 70.200 ден; 3. одд., 32.400 денари, додека за фотографирање, вкупно 21.000 ден.

Трошокот на ниво на ученик изнесува 100 денари по ученик за осигурување; 1400 по ученик за фотографирање за табло; екскурзија 9. одд. 14 ученици по 4990 денари, еден ученик социјален случај 2495 денари, екскурзија 6. одд. 19 ученици по 3600 денари, еден ученик социјален случај 1800 денари, екскурзија 3. одд., 27 ученици по 1200 денари.

Спроведените набавки се извршени врз основа на одлуки, кои ни беа доставени во прилог на одговорот. Веб-страницата на училиштето не е во функција и овие податоци не се објавени.

**ООУ „Маршал Тито" с. Муртино**, според доставениот одговор, соопштија дека бројот на ученици во училиштето во учебната 2022/'23 година е 446 ученици.

На листата на производи што се финансирани од пари на родителите се: фотографски услуги, осигурување на ученици, ученички екскурзии и ученички униформи.

- Фотографирање во деветто одделение – 1450 денари по ученик;
- Фотографирање за крај на учебна 2022/'23 година – 100 денари по ученик;
- Осигурување за учениците за учебна 2022/'23 година – 100 денари по ученик.

Ученички екскурзии:

- Еднодневна екскурзија за трето одделение, 1200 денари по ученик;
- Дводневна екскурзија за ученици од шесто одделение, 3600 денари по ученик;
- Тродневна екскурзија за ученици од деветто одделение, 4990 денари по ученик;
- Настава во природа во петто одделение, 7500 денари по ученик.
- Ученички униформи, 1950 ден по ученик.

Не ни беше доставена вкупната сума на парите што се собираат од страна на училиштето. Спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите се спроведуваат во согласност со Правилникот за изведување ученички екскурзии и според системот на Бирото за јавни набавки, а не се објавуваат на веб-страницата на училиштето.

**ООУ „Герас Цунев" с. Просениково** ни ги доставија бараните податоци како одговор на нашето барање. Бројот на ученици во учебната 2022/2023 година во ООУ „Герас Цунев" – Просениково изнесува: 239. Со пари собрани од родителите на учениците се финансира само осигурувањето на учениците, кое е на доброволна основа. Во минатата учебна 2022/2023 година се осигурани вкупно 209 ученици, со што вкупната висина на потрошени финансиски средства изнесува 20.900 денари. Поединечно секој ученик плаќа по 100 денари на годишна основа за осигурување. На одржаните родителски средби на почетокот од учебната година родителите се информираат за цената за осигурувањето и тие самите се изјаснуваат дали ќе прифатат нивните деца да бидат осигурани. Овие информации не се објавуваат.

Во **ООУ „Гоце Делчев" с. Вељуса**, во учебната 2022/2023, настава посетувале 219 ученици. Другите информации кои беа побарани во барањето за информации од јавен карактер не беа обезбедени од страна на училиштето.

## СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Во Општина Струмица има 3 средни училишта, и тоа:

Од **гимназијата „Јане Сандански"** Струмица, на барањето испратено од страна на нашата организација, нè информираа дека во СОУ „Јане Сандански", на почетокот од учебната 2022/23 година во училиштето се запишале 817 редовни, 17 вонредни ученици, додека во текот на годината се испишани 29 ученици. Во врска со второто прашање, за листа на услуги за 2022/'23 кои во училиштето се финансирани со парите на родителите на учениците, од СОУ „Јане Сандански" велат дека училиштето не собира финансиски средства од родителите, но родителите плаќаат за фотографски услуги, екскурзија и матурска вечер.

Со ова образложение, дека училиштето не собира финансиски средства од родителите на учениците, не ни беа доставени побараните информации. Во врска со трошокот на ниво на ученик во однос на поединечните производи и услуги што се финансирани со пари од родителите (храна, обезбедување, осигурување, екскурзии, фотографски услуги, итн.), нè информираа дека училиштето спроведува само една набавка на фотографски услуги и научно-рекреативна екскурзија за учениците од трета година, а плаќањето родителите го вршат директно кон давателите на услугата, а не на сметка на училиштето. За учебната 2022/'23, родителите на децата уплатиле по 1.350,00 денари од ученик за фотографски услуги на „Фото Виолета" Струмица. За екскурзија, родителите плаќале по 20.999 денари по ученик на ТА „Атлантис" Струмица. Во врска со организацијата на матурската вечер, учениците сами си ангажираат ресторан, а училиштето нема податоци за трошоците. Не ни беше доставена вкупната сума на парите што се собираат од страна на училиштето.

Во однос на прашањето дали спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите се извршени врз основа на усвоени интерни акти, од училиштето велат дека постапката за екскурзијата се спроведува согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии на учениците од средните училишта бр. 07-9992/3 од 05.06.2014 година, донесен од МОН. За постапката за избирање најповолни понудувачи за фотографирање на ученици, училиштето ги почитува насоките на БЈН дека набавките кои се обезбедени од страна на учениците не претставуваат јавна набавка, а училиштето само формира комисија за прибирање и отворање на понудите и за избор на најповолен понудувач, а плаќањето се врши директно на сметката на избраниот понудувач. Од овие наведени причини, училиштето не ги објавува ваквите информации на својата веб-страница.

Според податоците и договорите што беа доставени навреме од **СОУ „Никола Карев"** Струмица, дојдовме до информациите дека во училиштето, во 2022/2023, се запишале 1063 ученици. Единствена услуга за која родителите на учениците во ова училиште одвојуваат свои средства е осигурувањето на учениците. Вкупната сума собрана за осигурување на учениците изнесува 103.500 денари. Поединечната сума за осигурување по ученик изнесува 100 денари. Во однос на прашањето дали спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите се извршени врз основа на усвоени интерни акти, ни одговорија дека нема такви набавки, а со тоа нема ниту интерни акти и не се споделени на веб-страницата на училиштето.

**СОУУД „Димитар Влахов"** Струмица, во учебната 2022/'23, има запишани 705 ученици. Услугите што се финансираат со парите на родителите се: екскурзија за учениците во III година, матурско табло и матурска вечер. Ученичката екскурзија за учениците во III година ги чинела вкупно 1.940.400, односно 18.480 денари по ученик, матурското табло 237.600, односно 1350 по ученик, а матурската вечер 1500 денари по ученик, односно вкупно 267.000 денари. Во однос на прашањето дали спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите се извршени врз основа на усвоени интерни акти, тие ни беа доставени во прилог на одговорот, но не се објавуваат на веб-страницата на училиштето.

MULTIKULTURA

# Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Тетово



# НАОДИ ЗА УЧИЛИШТАТА ОД ОПШТИНА ТЕТОВО

- Производите и услугите што училиштата ги набавуваат со средства од родителите се различни, и тоа: лично осигурување на учениците, фотографирање за табло, групно фотографирање на крајот од учебната година, екскурзии и униформи.
- Личното осигурување е услуга што ја набавуваат сите училишта и цената за оваа услуга е идентична, односно изнесува 100 денари по ученик.
- Групното фотографирање на крајот на учебната година се движи од 50 до 80 денари.
- Кај екскурзиите, сумата по ученик зависи од должината на релацијата.
- Со оглед на тоа што услугите и производите што ги набавуваат училиштата се различни, а различен е и бројот на ученици во секое од училиштата, се разликува и висината на вкупните финансиски средства што се собрани од родителите на учениците. Имено, најмногу средства собрани од родителите има ОСЕУ „8 Септември“, по основ на екскурзии за учениците, и тоа 17.900 денари по ученик (македонска настава) за трета година, и ОССУ „Ѓоце Стојчевски“, каде што вкупниот износ на финансиски средства за учениците од III и IV год. изнесува околу 13.000 денари, додека, пак, најмалку средства пријавуваат училиштата што собираат средства од родителите само по основ на осигурување, што чини 100 денари по ученик.
- Според доставените податоци од средните училишта, тие немаат интерни акти, но за екскурзиите се повикуваат на Правилникот за огранизирање екскурзии. ДСУ РЦСОО „Моша Пијаде“ воопшто не прибира средства од родителите.
- Од вкупно 18 училишта на територијата на Општина Тетово, само две (Гимназијата „7 Марси“ и ОСЕУ „8 Септември“) ги доставија сите побарани информации.
- Според податоците добиени од основните училишта, набавките се реализираат преку интерни акти, а тие не се објавени на веб-страниците на училиштата. Во ООУ „Кирил и Методиј“, секоја набавка за каква било услуга е покриена со интерен акт произлезен од Советот на родителите.

# ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ

На територијата на Општина Тетово, образованието се одвива во рамките на 12 основни училишта и 6 средни училишта.

Приказ на училишта, број на ученици и вкупните трошоци финансирани со пари родителите на учениците

| Назив на училиште (основно и средно) | Вкупен број на ученици | Вредноста по ученик во денари |
|---|---|---|
| ООУ „Истикбал“ | 1050 | 670 |
| ОУ „Беса“ | 26 | 0 |
| ОУ „Гоце Делчев“ | 606 | 0 |
| ООУ „Братство Миѓени“ | 1734 | 100 |
| ООУ „Андреј Савески Ќиќиш“ | 265 | 0 |
| ООУ „Кирил и Методиј“ | 1037 | 300 |
| ООУ „Реџеп Вока“ | 236 | 1580 |
| ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец“ | Не ги доставија побараните податоци | Не ги доставија побараните податоци |
| ООУ „Рилиндја“ | Не ги доставија побараните податоци | Не ги доставија побараните податоци |
| ООУ „Перпарими“ | Не ги доставија побараните податоци | Не ги доставија побараните податоци |
| ООУ „Наим Фрашери“ | Не ги доставија побараните податоци | Не ги доставија побараните податоци |
| ООУ „Лирија“ | Не ги доставија побараните податоци | Не ги доставија побараните податоци |
| ООУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеу“ | Не ги доставија побараните податоци | Не ги доставија побараните податоци |
| СОУ Гимназија „Кирил Пејчиновиќ“ | Не ги доставија побараните податоци | Не ги доставија побараните податоци |
| ОСУ „7 Марси“ | 522 | 9.900 |
| ОСМУ „Никола Штејн“ | 2121 | 1.500 |
| ОССУ „Ѓоце Стојчевски“ | 592 | 3.000 – 13.000 |
| ОСЕУ „8 Септември“ | 1176 | 10.700 – 17.900 |

ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец“, ООУ „Рилиндја“, ООУ „Перпарими“, ООУ „Наим Фрашери“, ООУ „Лирија“, ООУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеу“ и СОУ Гимназија „Кирил Пејчиновиќ“ не ги доставија побараните информации во врска со средствата собирани од родителите на учениците.

## ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Во **основното училиште „Истикбал“** во Тетово учат вкупно 1050 ученици. Според одговорите добиени на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, училиштето собира пари од родителите за: осигурување на учениците, екскурзии и групна фотографија.

Табела бр. 1 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ОУ „Истикбал“, Тетово

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | не ги доставија побараните информации | 100 |
| Екскурзија | не ги доставија побараните информации | 300-500 |
| Групна фотографија | не ги доставија побараните информации | 70 |

Според одговорот добиен од училиштето, услугите финансирани од парите на родителите се извршени со интерни акти. Иако веб-страницата е активна, интерните акти не се објавени таму.

Во **основното училиште „Беса“** учат вкупно 26 ученици. Според одговорот од страна на училиштето, производите и услугите што се финансирани со пари собрани од родителите се осигурување и екскурзии. Парите за овие две услуги се реализирани преку класните раководители. Училиштето не достави информации за вкупната вредност по ученик за овие услуги, ниту информации во врска со тоа дали имаат интерни акти за спроведување на овие набавки.

Во **основното училиште „Гоце Делчев“** учат 606 ученици. Според одговорот добиен од училиштето, производи и услуги од пари собрани од родители не се преземаат.

Во **основното училиште „Братство Миѓени“**, вкупниот број ученици во учебната година 2022/2023 беше 1734.

Од родителите се собрани само пари за осигурување, и тоа е доброволно.

Спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите се извршени врз основа на усвоени интерни акти, но актите не се објавени на веб-страницата на училиштето.

Табела бр. 2 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ООУ „Братство Миѓени“, Тетово

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | 67.500 | 100 |

Во **основното училиште „Андреј Савески Ќиќиш“** учат 265 ученици.

Според одговорот добиен од училиштето, листа на производи и услуги кои во училиштето се финансирани со пари собрани од родителите на учениците нема, бидејќи училиштето не собира пари од родителите на учениците.

Во **основното училиште „Кирил и Методиј“** учат 1037 ученици.

Услугите што се финансирани од страна на родителите на учениците се: осигурување, превоз за екскурзија и групна фотографија.

Училиштето нема доставени информации за вкупниот број ученици кои ги користеле овие услуги.

Секоја набавка за каква било услуга тврдат дека е покриена со документ произлезен од Советот на родителите.

Табела бр. 3 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ООУ „Кирил и Методиј“, Тетово

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | не ги доставија побараните информации | 100 |
| Превоз за екскурзија | не ги доставија побараните информации | 150 |
| Фотографирање | не ги доставија побараните информации | 50 |

Во **основното училиште „Реџеп Вока“** учат 236 ученици.

Од родителите се собрани пари за следните услуги: осигурување, екскурзија, фотографирање за ученик од 1. до 9. одделение и фотографирање за табло за учениците од деветто одделение.

За услугата осигурување, од родителите се собираат по 100 денари од ученик и вкупно се осигуруваат 225 ученици.

Табела бр. 4 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ООУ „Реџеп Вока“, Тетово

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | 22.500 | 100 |
| Екскурзија | 64.240 | 880 |
| Групна фотографија | | 80 |
| Фотографирање за табло | 28.400 | 600 |

Училиштето нема доставени информации за интерните акти, но само информација дека екскурзиите се реализираат врз основа на Правилникот за реализирање на ученички екскурзии на Министерството за образование.

## СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Во Општина Тетово, учениците учат во следните средни училишта:

- ОСУ Гимназија „Кирил Пејчиновиќ"
- ОСУ Гимназија „7 Марси"
- ОСМУ „Никола Стејн"
- ОСЕУ „8 Септември"
- СОСУ „Моша Пијаде"
- СОТУ „Ѓоце Стојчески"
- ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец"

Информации за производите и услугите финансирани со пари собрани од родителите на учениците не доставија од СОУ Гимназија „Кирил Пејчиновиќ" и од ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец".

Во **ОСУ Гимназија „7 Марси"** учат вкупно 522 ученици. Според одговорот на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, услугите што се предвидени да се реализираат со средства собрани од родителите на учениците се училишните екскурзии, осигурувањето и групното фотографирање на учениците.

Во текот на 2022/2023 година, ОСУ Гимназија „7 Марси" реализирала завршна екскурзија во Албанија, во која учествувале 105 ученици и цената за ученик изнесувала 9.840,00 денари. Како и во другите училишта, и во ова средно училиште екскурзиите се реализираат врз основа на Правилникот за организирање на екскурзии.

За осигурувањето кое е доброволно, преку класните раководители се собрани средства од 100,00 денари по ученик.

За сите услуги што се реализирани со средства од родителите на учениците, родителите се информирани преку класните раководители.

Според одговорот на барањето за слободен пристап на информации од јавен карактер, поради технички проблеми со веб-страницата на училиштето, овие информации не се објавени.

Табела бр. 5 – Средства собрани од родителите за вонучилишни активности
во ОСУ Гимназија „7 Марси" – Тетово

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Екскурзија во Албанија | 1.033.200 | 9.840 |
| Осигурување | 51.500 | 100 |
| **Вкупен износ** | **1.084.700** | |

**ОСМУ „Никола Штејн"** наставата ја изведува за вкупно 2121 ученици во учебната 2022/'23 година. Според одговорот на барањето за слободен пристап на информации од јавен карактер организира, производите и услугите финансирани од родителите на учениците се осигурување, екскурзии, матура, фотографирање и ученички униформи.

Носење униформа е предвидено со куќен ред на ОСМУ „Никола Штејн“ и со Кодексот на однесување на учениците.

Од парите собрани од родителите на учениците се реализираат и по две екскурзии по 600 денари, кои се спроведуваат во согласност со Правилникот за организирање на екскурзии донесен од МОН и во согласност со Годишната програма за спроведување на екскурзии одобрени од БРО и Управен одбор.

Според одговорот на барањето за пристап до информации од јавен карактер, интерните акти не се објавени на веб-страницата на училиштето, но родителите за сите производи и услуги се информираат и даваат согласност на состаноците на Советот на родителите.

Табела бр. 6 – Средства собрани од родителите за вонучилишни активности во ОСМУ „Никола Штејн“ – Тетово

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | не ги доставија побараните информации | 100 |
| Две екскурзии | не ги доставија побараните информации | 1200 |
| Ученичка униформа во прва година | не ги доставија побараните информации | 600 |
| Ученичка униформа за пракса | не ги доставија побараните информации | 600 |
| Фотографирање | | 50 |

Во **ОССУ „Ѓоце Стојчевски“**, вкупниот број ученици за учебната година 2022/2023 изнесувал 592.

Во учебната година 2022/2023, родителите на учениците ги имаат финансирано следните услуги: осигурување на учениците, реализирање на ученички еднодневни екскурзии за ученици од I, II, III и IV година на релација Тетово – Охрид – Струга – Тетово и на релација Тетово – Попова Шапка – Тетово, петдневна екскурзија во Албанија за учениците од III година, фотографирање на класот и фотографирање на матурантите и организирање матурска вечер.

Вкупниот износ на финансиски средства по ученик е околу 3.000 денари, а за учениците од III и IV година, околу 13.000 денари.

Спроведените набавки во оваа училиште се реализирани преку објавување јавни огласи за прибирање понуди. Јавните огласи за прибирање понуди се објавени најмалку во два дневни печати.

Табела бр. 7 – Средства собрани од родителите за вонучилишни активности во ОССУ „Ѓоце Стојчевски“ – Тетово

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | не ги доставија побараните информации | 100 |
| Екскурзија на релација Тетово – Охрид – Струга – Тетово | не ги доставија побараните информации | 700 |
| Екскурзија на релација Тетово – Попова Шапка – Тетово | не ги доставија побараните информации | 420 |
| Петдневна екскурзија во Албанија (ученици од III година) | не ги доставија побараните информации | 9.900 |
| Групно фотографирање | не ги доставија побараните информации | 70 |

Во **ОСЕУ „8 Септември“** Тетово, бројот на ученици во учебната година 2022/2023 беше 1176.

Во оваа училиште се реализираат екскурзии врз основа на Правилникот за изведување на училишни екскурзии во средни училишта, во согласност со годишната програма и, врз основа на објавениот оглас за реализација на екскурзиите, училиштето прима понуди и комисијата за разгледување на понудите дава предлог за најповолната понуда, а услов за изборот е најниската цена. За реализација на екскурзијата, училиштето не собира пари, туку родителите го извршуваат плаќањето директно во туристичката агенција. Училиштето со избраната ТА склучува договор почитувајќи ги одредбите од Правилникот за изведување на училишни екскурзии во средни училишта.

Исто така, учениците самоволно се осигуруваат за сума од 100 денари по ученик и истиот износ се уплаќа на сметката на осигурителната компанија. И за фотографски услуги училиштето не склучува договори, учениците сами избираат фотостудио и сами директно го исплаќаат износот за извршената услуга.

Табела бр. 8 – Средства собрани од родителите за вонучилишни активности во ОСЕУ „8 Септември“ – Тетово

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Екскурзија во Италија, Словенија и Србија | 1.108.800 | 16.800 |
| Екскурзија во Албанија | 1.123.200 | 9.600 |
| Екскурзија во Охрид | 434.000 | 700 |
| Екскурзија на Попова Шапка | 224.400 | 300 |
| Осигурување | 100.600 | 100 |
| **Вкупен износ** | **2.991.000** | |

ZIP Institute
local governance | informal learning

# Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Чаир



# НАОДИ ЗА УЧИЛИШТАТА ОД ОПШТИНА ЧАИР

- Најголем дел од училиштата опфатени во истражувањето не ги доставија побараните информации. Податоците се добиени единствено од основните училишта „Хасан Приштина“ и „Јашар Беј Шкупи“.
- Ниту едно училиште од опфатените во истражувањето нема објавено интерни акти според кои се спроведени набавки на производи и услуги финансирани со пари на родителите. Дел од училиштата немаат ниту своја веб-страница.
- Дел од училиштата имаат објавено годишни планови, каде што се планирани екскурзии, но не е прецизиран начинот на нивното финансирање.
- Средното училиште „Цветан Димов“ има објавено годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година, каде што е прецизирано дека училишниот одбор формира комисија за прибирање понуди за екскурзија, но не се напоменати трошоци и набавки на производи и услуги што се финансираат со пари од родителите.

# ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето опфати десет основни училишта и едно средно училиште во Општина Чаир. Барањето за пристап до информации од јавен карактер беше испратено во октомври 2023 година и во него се бараат детали за бројот на ученици, за финансираните производи и услуги, вкупните расходи, трошоците на ниво на учениците, за постоењето интерни акти и за објавувањето на овие акти на веб-страниците на училиштата.

Табела 1 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во училиштата во Општина Чаир

| Училишта во Општина Чаир | Листа на производи и услуги кои во училиштето се финансирани со пари собрани од родителите на учениците во учебната 2022/2023 година | Вкупната висина на финансиските средства потрошени на ниво на листа на производи и услуги | Трошок на ниво на ученик во однос на поединечните производи и услуги кои се финансирани со пари од родителите | Дали спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите се извршени врз основа на усвоени интерни акти | Дали интерните акти за набавките на производите и услуги што се финансираат со пари од родителите се објавени на веб-страницата на училиштето |
|---|---|---|---|---|---|
| ОУ „Лириа“ | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации |
| ОУ „Тефејуз“ | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации |
| ОУ „Хасан Приштина“ | Храна за ученици од целодневна настава, екскурзија и излети, осигурување и сликање | 10.928 ден. | Трошок на ниво на ученик за исхрана за целодневна настава: 2.200 ден.<br>Трошок за излет-Сарај: 219 ден.<br>Трошок за еднодневна екскурзија: 790ден.<br>Трошок за дводневна екскурзија: 3.270 ден.<br>Трошок за тродневна екскурзија: 4.299 ден.<br>Трошок за осигурување: 100 ден.<br>Трошок за слика: 50 ден. | За исхрана на учениците, училиштето склучило договор за закуп со фирмата „Те Баба Реџ“ и понатаму фирмата и родителите склучуваат интерен договор за исхрана на учениците;<br>За екскурзиите е распишан јавен оглас; Со осигурителна компанија е склучен е договор за осигурување; За сликање, добиени се понуди од 3 фирми и комисијата за јавни набавки ја одбра најповолната | Не ги доставија побараните информации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ОУ „А. С. Макаренко“ | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации |
| ОУ „Васил Главинов“ | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации |
| ОУ „Конгреси и Манастирит“ | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации |
| ОУ „Исмаил Ќемали“ | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации |
| ОУ „7 Марси“ | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации |
| ОУ „Имри Елези“ | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации |
| ОУ „Јашар Беј Шкупи“ | Не ги доставија побараните информации | 6.000 ден. | 13 ден. за фотографија | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации |
| СУ „Цветан Димов“ | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации | Не ги доставија побараните информации |

Табела 2 – Вкупен број на ученици во учебната 2022/2023 година

| Назив на основните и средните училишта | Вкупен број на ученици во учебната 2022/2023 година |
|---|---|
| ОУ „Лириа“ | 895 |
| ОУ „Тефејуз“ | 1.059 |
| ОУ „Хасан Приштина“ | 1.127 |
| ОУ „А. С. Макаренко“ | 278 |
| ОУ „Васил Главинов“ | 869 |
| ОУ „Конгреси и Манастирит“ | 622 |
| ОУ „Исмаил Ќемали“ | 1.537 |
| ОУ „7 Марси“ | 998 |
| ОУ „Имри Елези“ | 851 |
| ОУ „Јашар Беј Шкупи“ | 464 |
| СУ „Цветан Димов“ | 1.174 |

**Основното училиште „Хасан Приштина“** даде детални информации за финансираните услуги: храна, екскурзии, студентско осигурување и услуги за фотографирање. Училиштето се вклучи во транспарентен процес за избор на даватели на услуги преку јавни огласи и конкурентно наддавање.

Според доставени информации од основното училиште, во зависност од тоа кое одделение е ученикот, трошоците се следниве:

- За излет во Општина Сарај за учениците од прво до деветто одделение, трошоците изнесуваат 219 денари;
- За еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение, трошоците изнесуваат 790 денари по ученик;
- За дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение, трошоците изнесуваат 3.270 денари по ученик;
- За тродневна екскурзија за учениците од деветто одделение, трошоците изнесуваат 4.299 денари по ученик;
- За осигурување, трошоците изнесуваат 100 денари по ученик;
- За сликање, трошоците изнесуваат 50 денари по ученик;
- За исхрана за целодневна настава на ниво на ученик, трошокот изнесува 2.200 денари.

Според училиштето, за екскурзијата во учебната 2022-2023 година, училиштето распишало јавен оглас и според критериумот ‘најниска цена’, била избрана туристичката агенција што ја спровела екскурзијата. Училиштето има склучено договор за закуп со избраната фирма, а потоа фирмата и родителите на учениците склучуваат интерни договори за храна на учениците. За услугата сликање на учениците, училиштето добило понуди од три компании и потоа комисијата за јавни набавки ја одбрало најповолната понуда.

**Основното училиште „Јашар Беј Шкупи“** достави податоци дека вкупната висина на финансиските средства потрошени за услугата фотографирање изнесува 6.000 денари. Трошокот, пак, на ниво на ученик за услугата фотографирање, која е финансирана со пари од родителите, изнесува 13 денари.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ:

Во врска со објавувањето документи за набавките за ученици на веб-страниците на училиштата во Општина Чаир:

- **Основното училиште „Лириа“** нема објавено документи поврзани со набавки за учениците на својата веб-страница.
- **Основното училиште „Тефејуз“** нема своја веб-страница.
- **Основното училиште „Хасан Приштина“** нема објавено документи поврзани со набавки за учениците на својата веб-страница. Училиштето има објавено годишна програма за воспитно-образовна работа, каде што е вклучен и детален план за реализација на екскурзии, настава во природа и излети во учебната 2022/2023 година, но не е прецизирано како се покриваат овие трошоци.
- **Основното училиште „А.С.Макаренко“** нема објавено документи поврзани со набавки за учениците на својата веб-страница.
- **Основното училиште „Васил Главинов“**, во годишната програма за учебната 2021/2022 година, детално ги прецизира планираните екскурзии и наведува дека начинот на финансирање е преку самофинансирање од страна на родителите на учениците на четири рати, односно родителите ја вршат уплатата преку уплатница која потоа им ја покажуваат на одделенските раководители. Во врска со финансирањето оброци, во годишниот извештај за учебната 2021/2022 пишува дека учениците кои посетуваат продолжен престој имаат организиран топол оброк во училишната кујна, за којшто финансиските средства ги обезбедуваат родителите.
- **Основното училиште „Конгреси и Манастирит“** нема своја веб-страница.
- **Основното училиште „Исмаил Ќемали“** нема објавено документи поврзани со набавки за учениците на својата веб-страница.
- **Основното училиште „7 Марси“** нема веб-страница.
- **Основното училиште „Имри Елези“** нема веб-страница.
- **Основното училиште „Јашар Беј Шкупи“** нема објавено документи поврзани со набавки за учениците на својата веб-страница, но има известувања дека се одржани екскурзии.
- На својата веб-страница, средното училиште „Цветан Димов“ има објавено годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година, каде што е прецизирано дека училишниот одбор формира Комисија за прибирање понуди за екскурзија. Исто така, извештајот наведува дека во рамките на расположливите финансиски средства обезбедени од Буџетот на РСМ, како и со средства стекнати по основ на сопствени приходи на училиштето, спроведени се постапки за набавка на стоки, услуги и работи во функција на подобрување на материјално-техничките услови за работа и учење, но нема повеќе детали. Во делот со изворите на финансирање, во извештајот пишува дека средствата за финансирање на училиштето се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија. Наведено е и дека училиштето стекнува средства по основ на сопствени приходи од давање образовни услуги на вонредни кандидати, како и од издавање под закуп на делови од училиштето. Не се спомнати трошоци и набавки на производи и услуги што се финансираат со пари од родителите.

ЕДУКАТИВНО-ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТИП

# Истражување за начинот на спроведување на набавките коишто се финансираат со пари од родителите во училиштата во Општина Штип



# НАОДИ ЗА УЧИЛИШТАТА ОД ОПШТИНА ШТИП

- Производите и услугите што училиштата ги набавуваат со средства од родителите се различни, и тоа: лично осигурување на учениците, фотографирање за табло, групно фотографирање на крајот од учебната година, екскурзии, полуматурски и матурски прослави, како и набавка на униформи, којашто како услуга е забележана само во едно средно училиште во општината.

- Личното осигурување е услуга што ја набавуваат сите училишта и цената за оваа услуга е идентична, односно изнесува 100 денари по ученик. Фотографирањето за табло се движи од 950 денари, па сè до 1.100 денари по ученик. Кај екскурзиите во основните училишта сумата по ученик се движи од 440 денари до 5.500 денари, во зависност од должината и релацијата на екскурзијата, а кај средните училишта, сумата по ученик се движи од 550 денари, па сè до 16.800 денари .

- Со оглед на тоа што услугите и производите што ги набавуваат училиштата се различни, а различен е и бројот на ученици во секое од училиштата, се разликува и висината на вкупните финансиски средства што се собрани од родителите на учениците. Имено, најмногу средства собрани од родителите има основното општинско училиште „Ванчо Прќе“, и тоа вкупно 2.843.610 денари, најмногу во деветто одделение – вкупно 14.800 по ученик. Во средните училишта најмногу средства собрани од родителите има Средното општинско училиште„Јане Сандански“, и тоа 3.785.800 денари по основ на екскурзии за учениците од трета година, или 15.850 денари по ученик, додека, пак, најмалку средства се собрани во училиштето „Димитар Мурасчиев“, каде што вкупно се собрани 38.750 денари.

- Дел од училиштата не ги доставија побараните информации за производите и услугите што се набавуваат со финансиски средства од родителите и нивната вредност со образложение дека тие информации ги имаат советите на родители. Ваквите ставови недвосмислено говорат за ниската свест која постои во училиштето во однос на потребата да се обезбеди транспарентност, отчетност и интегритет на овие набавки а со тоа и за ризикот од корупција во нив.

- Ниту едно од основните и од средните училишта нема интерни акти за спроведување на набавките што се финасираат со пари собрани од родителите на учениците. Врз основа на јасно утврдени процедури се спроведуваат само постапките за избор на туристички агенции за реализација на екскурзиите и за другите вонучилишни активности кои се спроведуваат во согласност со правилниците за оваа намена донесени од страна на Министерството за образование и наука.

- Добра практика е констатирана кај СОУ „Коле Нехтенин“, каде што спроведените набавки на услуги финансирани со пари од родителите се извршени врз основа на Статутот на училиштето. Советот на родители донесува одлуки за фотографирање и осигурување, додека Училишниот одбор донесува одлука за ученичките екскурзии.

- Иако основните и средните училишта на територијата на Општина Штип имаат активни веб-страници (со исклучок на ООУ „Славејко Арсов“), Правилникот од МОН за организирање на екскурзии и други вонучилишни активности не е јавно објавен на веб-страниците на училиштата. Исклучок е СОУ „Коле Нехтенин“, каде што веб-страницата на училиштето ги содржи сите потребни информации за функционирањето на училиштето, како и линк до страницата на МОН каде што може да се пронајде Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии за средните училишта.

- Податоците содржани во ова истражување се добиени по поднесување на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер и тие се одговорност на лицата што работат во образовните институции и кои одговараат на поднесените барања. Генерално, одговорите се добиени по основ на овие барања, сепак кај повеќето училишта се поднесуваше барање за дополнување на одговорите, некои одговараа преку е-пошта не во форма на одговор на барање и решение, што е показател на тоа дека образовните институции сè уште недоволно сериозно и незаконски постапуваат во однос на Законот за пристап до информации од јавен карактер. Добиените нецелосни одговори може да се толкуваат и како показател за нешто што училиштата сакаат да го скријат, што води кон индиции за корупција.

# ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Во учебната 2022/2023, на територијата на Општина Штип, образованието се одвива во рамките на 5 општински основни училишта, со редовно запишани 3627, и 6 средни училишта, со редовно запишани 2159 ученици. Во учебната 2022/2023 година, во основните училишта во Штип, според добиените податоци од поднесените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, вкупно се обрани 7.273.790 денари од родителите на учениците, за набавка на различни производи и услуги како фотографирање, осигурување, организирање екскурзии итн.

Табела бр. 1. Бројот на ученици и вкупните трошоци финансирани од родителите на учениците

| Назив на училиште (основно и средно) | Вкупен број на ученици | Вкупна вредност за сите услуги во денари |
|---|---|---|
| ОУ „Ванчо Прќе“ | 1219 | 2.843.610 |
| ОУ „Димитар Влахов“ | 875 | 1.475.170 |
| ОУ „Тошо Арсов“ | 557 | 1.253.940 |
| ОУ „Гоце Делчев“ | 660 | 1.083.800 |
| ОУ „Славејко Арсов“ | 318 | 617.270 |
| СОУ „Гимназија Славчо Стојменски“ | 520 | 779.520 |
| СОУ „Јане Сандански“ | 656 | 3.785.800 |
| СОУ „Коле Нехтенин“ | 691 | 2.303.650 |
| СОУ „Димитар Мирашчиев“ | 94 | 38.750 |
| ДСУ „Сергеј Михајлов“ | 144 | 49.200 |
| ДСУ „Искра“ | 52 | Набавките не се финансираат со пари од родителите |

## ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Во **основното училиште „Ванчо Прќе“**, Штип, учат вкупно 1249 ученици. Според одговорот од страна на училиштето, со парите од родителите се набавуваат неколку видови услуги, и тоа:

- Храна за учениците;
- Осигурување на учениците;
- Фотографски услуги;
- Екскурзии и вонинаставни активности;
- Полуматурска прослава.

Паричните средства за производи и услуги финансирани од страна на родителите родителите ги уплаќаат директно на сметка на избраниот понудувач и училиштето нема непосреден увид во нив. Ваквиот одговор говори за ниската свест која постои во училиштето во однос на потребата да се обезбеди транспарентност и отчетност на овие набавки.

Табела бр. 2 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ОУ „Ванчо Прќе“, Штип

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | 115.000 | 100 |
| Храна | 749.100 | 1100 |
| Групна фотографија | 94.600 | 100 |
| Поединечна фотографија 1. одд. | 19.950 | 150 |
| Поединечна фотографија 5. одд. | 45.200 | 400 |
| Фотографирање за алманах | 109.250 | 950 |
| Полуматурска прослава | 79.350 | 690 |
| Еднодневен есенски излет | 272.690 | 370 |
| Еднодневен пролетен излет | 146.640 | 240 |
| Настава во природа | 469.730 | 4.390 |
| Дводневна екскурзија | 288.900 | 2.889 |
| Тридневна екскурзија | 453.200 | 4.400 |
| **Вкупно** | **2.843.610** | |

Во **ООУ „Димитар Влахов“**, во учебната 2022/23 година наставата ја следеле вкупно 873 ученици. Според одговорот од страна на училиштето, со парите од родителите се набавуваат неколку видови услуги, и тоа:

» Храна за учениците;
» Осигурување на учениците;
» Фотографски услуги;
» Екскурзии и вонnаставни активности.

Табела бр. 3 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ОУ „Димитар Влахов“

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | 87.300 | 100 |
| Храна | 1.431.000 | 900 |
| Групна фотографија | 87.300 | 100 |
| Поединечна фотографија 1. одд. | 14.850 | 150 |
| Поединечна фотографија 5. одд. | 48.400 | 400 |
| Фотографирање за полуматура | 84.000 | 1050 |
| Еднодневен пролетен излет Пиперово | 126.000 | 300 |
| Еднодневен пролетен излет Брест | 85.200 | 300 |
| Еднодневна екскурзија | 56.160 | 540 |
| Настава во природа | 307.200 | 3.840 |
| Дводневна екскурзија | 131.580 | 2.580 |
| Тридневна екскурзија | 295.680 | 3.840 |
| **Вкупно** | **2.754.670** | |

Во **ООУ „Тошо Арсов“**, во учебната 2022/23 година наставата ја следеле вкупно 557 ученици. Според одговорот од страна на училиштето, со парите од родителите се набавуваат неколку видови услуги, и тоа:

- Храна за учениците;
- Осигурување на учениците;
- Екскурзии и воннаставни активности.

Табела бр. 4 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ОУ „Тошо Арсов“

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---:|---:|
| Осигурување | 50.000 | 100 |
| Храна | 164.350 | 950 |
| Еднодневен пролетен излет | 136.760 | 260 |
| Еднодневна екскурзија | 36.570 | 690 |
| Настава во природа | 316.680 | 5.460 |
| Дводневна екскурзија | 164.920 | 2.660 |
| Тридневна екскурзија | 387.660 | 5.460 |
| **Вкупно** | 1.256.940 | |

Во **ООУ „Гоце Делчев“**, во учебната 2022/23 година наставата ја следеле вкупно 660 ученици. Според одговорот од страна на училиштето, со парите од родителите се набавуваат неколку видови услуги, и тоа:

- Храна за учениците;
- Осигурување на учениците;
- Разделба;
- Фотографски услуги;
- Екскурзии и воннаставни активности.

Табела бр. 5 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ОУ „Гоце Делчев“

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---:|---:|
| Осигурување | 47.100 | 100 |
| Храна | 378.900 | 900 |
| Групна фотографија | 60.100 | 100 |
| Поединечна фотографија 5. одд. | 28.500 | 550 |
| Фотографирање за полуматура | 60.900 | 1.050 |
| Еднодневен излет | 98.560 | 320 |
| Еднодневна екскурзија | 19.680 | 480 |
| Настава во природа | 154.000 | 5.500 |
| Дводневна екскурзија | 80.360 | 1.960 |
| Тридневна екскурзија | 216.600 | 5.700 |
| **Вкупно** | 1.144.700 | |

Во **основното училиште ООУ „Славејко Арсов“**, во 2022/2023 година биле запишани вкупно 318 ученици. Производите и услугите што се финансирани со средства од родителите на учениците се:

- Осигурување;
- Храна;
- Фотографирање;
- Два излета и дводневна екскурзија.

Табела бр. 6 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ОУ „Славејко Арсов“

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | 30.900 | 100 |
| Храна | 135.000 | 900 |
| Групна фотографија | 30.800 | 100 |
| Поединечна фотографија 5. одд. | 15.400 | 550 |
| Фотографирање за полуматура | 28.350 | 1050 |
| Еднодневен пролетен излет Лесново | 22.000 | 200 |
| Еднодневен Пониква | 26.800 | 200 |
| Еднодневна екскурзија | / | 500 |
| Дводневна екскурзија | 68.670 | 3.270 |
| Тридневна екскурзија | / | 4.950 |
| **Вкупно** | **357.920** | |

## СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Во Општина Штип има 4 средни општински училишта и 2 државни средни училишта. Вкупно се запишани 2157 ученици, од кои 196 во државните средни училишта, а 1961 редовни ученици во општинските средни училишта.

Производи и услуги што во средните училишта се финансираат со пари собрани од родителите на учениците, во учебната 2022/2023 година, се: фотографски услуги, осигурување, екскурзии, стручно-истражувачка екскурзија и матура.

Според добиените податоци, во **средното државно училиште „Искра“** не се собираат пари од родителите на учениците.

**СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“** наставата ја изведува со вкупно 520 ученици во учебната 2022/23 година. Според одговорот кон барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, услугите што се финансирани со пари собрани од родителите на учениците се:

- Фотографирање на учениците;
- Осигурување на учениците;
- Екскурзии.

Табела бр. 7 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски"

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | 43.000 | 100 |
| Групна фотографија | 63.920 | 170 |
| Фотографирање за табло | 216.000 | 1.500 |
| Еднодневна екскурзија | 56.100 | 550 |
| Стручно-истражувачка екскурзија | 400.500 | 4.400 |
| **Вкупно** | 779.520 | |

Во **СОУ „Коле Нехтенин"**, во учебната 2022/23 година, како редовни ученици се запишани вкупно 691 ученици. Според одговорот кон барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, услугите што се финансирани со пари собрани од родителите на учениците се:

» Фотографирање на учениците;
» Осигурување на учениците;
» Екскурзии.

Табела бр. 8 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во СОУ „Коле Нехтенин"

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---|---|
| Осигурување | 69.500 | 100 |
| Фотографирање за табло | 269.100 | 1.300 |
| Завршна екскурзија | 1.432.250 | 16.850 |
| Стручно-истражувачка екскурзија | 532.800 | 3.700 |
| **Вкупно** | 2.303.650 | |

**СОУ „Јане Сандански"** наставата ја изведува со вкупно 656 ученици во учебната 2022/23 година. Според одговорот кон барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, услугите што се финансирани со пари собрани од родителите на учениците се:

» Фотографирање на учениците;
» Осигурување на учениците;
» Екскурзии;
» Униформи;
» Прослава за матура.

Табела бр. 9 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците СОУ „Јане Сандански"

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---:|---:|
| Осигурување | 66.500 | 100 |
| Набавка на униформи за учениците од I година | 148.500 | 1.650 |
| Групна фотографија | 47.400 | 100 |
| Фотографирање за учениците од II година за ученичка легитимација | 45.150 | 350 |
| Фотографирање за табло и алманах | 273.000 | 1500 |
| Матурска вечер за учениците од IV година | 273.000 | 1.500 |
| Завршна екскурзија | 2.932.250 | 15.850 |
| **Вкупно** | **3.785.800** | |

Во **СОУ „Димитар Мирасчиев"**, во учебната 2022/23 година, како редовни ученици се запишани вкупно 94 ученици. Според одговорот кон барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, услугите што се финансирани со пари собрани од родителите на учениците се:

» Фотографирање на учениците;
» Осигурување на учениците;
» Прослава на матурска вечер.

Табела бр. 10 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во СОУ „Димитар Мирасчиев"

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---:|---:|
| Осигурување | 8.100 | 100 |
| Фотографирање за табло | 14.400 | 1.200 |
| Прослава на матурска вечер | 16.250 | 1.250 |
| **Вкупно** | **38.750** | |

Во **ДМУЦ „Сергеј Михајлов"**, во учебната 2022/23 година, како редовни ученици се запишани вкупно 144 ученици. Според одговорот кон барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, услугите што се финансирани со пари собрани од родителите на учениците се:

» Фотографирање на учениците;
» Осигурување на учениците.

Табела бр. 11 – Услуги, цени по услуга и вкупен износ на средствата собрани од родителите на учениците во ДМУЦ „Сергеј Михајлов"

| Вид на услуга/производ | Вкупна вредност во денари | Вредност по ученик во денари |
|---|---:|---:|
| Осигурување | 14.000 | 100 |
| Фотографирање за табло | 35.200 | 1.100 |
| **Вкупно** | **49.200** | |

# ПРАВИЛНИЦИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Основните училишта во Штип ги спроведуваат своите вонnastавни активности и екскурзии во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, којшто е јавно достапен на веб-страницата на Министерството за образование: https://mon.gov.mk/stored/document/Pravilnik-za-ekskurzii-vo-osnovno-obrazovanie.pdf.

За избор на правен субјект за изведување екскурзии и други вонучилишни активности се спроведува постапка со објавување јавен повик во најмалку 2 дневни весници, како и на видно место во училиштето. На овие огласи се случува да не се јави ниту еден понудувач од причина што не го следат дневниот печат. Од оваа причина, училиштата имаат пракса, кога ќе го објават огласот, да контактираат најмалку 3 економски оператори и да побараат понуди. Комисијата што го спроведува изборот и евалуацијата на понудите е составена од претставници на родителите и наставниците, а критериумот за избор на најповолна понуда е најниската цена.

Според Правилникот, пак, за начинот на изведување на училишни екскурзии на учениците од средните училишта, самите училишни екскурзии може да бидат:

- ✓ екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми;
- ✓ завршни екскурзии;
- ✓ стручно-истражувачки екскурзии и
- ✓ спортско-рекреативни екскурзии.

Постапката за избор на понудувачи, исто како и кај основните училишта, се спроведува преку јавен оглас каде што се наведуваат минималните услови и критериуми што треба да ги задоволуваат понудувачите, а огласот се објавува во два дневни весници и на огласната табла или на видно место во училиштето, што е ризик затоа што ретко кој следи активности преку дневни весници и не секој во секое време ќе го посетува училиштето за да добие информација дали има објавено оглас или не. Тука можеби треба да се направи и одредена промена на правилниците за да се зголеми транспарентноста на овие постапки, па и во Правилникот да стои дека овие набавки треба да се спроведуваат во согласност со Законот за јавни набавки за секој заинтересиран понудувач да може да добие можност да учествува.

За другите набавки што се спроведуваат (фотографирање, осигурување, училишни униформи), училиштата немаат донесено посебни правилници или процедури. За овие набавки училиштата се повикуваат на Статутот на училиштето, каде што е регулирано дека, за спроведените набавки, одлучува Советот на родители. За критериумите по кои се врши изборот на економски оператор за одредена набавка нема посебни акти, односно тоа се врши по разгледување на понудите и според проценката на родителите што членуваат во Советот на родители која понуда е најисплатлива.